# ПОТСТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА АКТИВЕН ТУРИЗАМ НА РС МАКЕДОНИЈА



Ноември, 2019

**Нарачател:**
**Министерство за економија на РСМ**
**Ул. Јуриј Гагарин, бр. 15, 1000 Скопје**
**Лице за контакт: Беким Хаџиу**
**Сектор за туризам и угостителство**
**e-mail: bekim.hadziu@economy.gov.mk**

**Потстратегијата ја изработи консултантски тим**:
**Главен истражувач**: Д-р Науме Мариноски
**Истражувачи:**
Д-р Сашо Коруновски
Д-р Цветко Андреески
Д-р Иванка Несторoска
Д-р Михаел Ристески

**Потстратегијата за активен туризам во РС Македонија е изработена во рамките на јавната набавка за услуга бр. 3-3/2019 на Министерството за економија на РСМ, Сектор за туризам ,,ПОДГОТОВКА НА ТРИ ПОДСТРАТЕГИИ ЗА ТУРИЗАМ - РУРАЛЕН / КУЛТУРЕН / АКТИВЕН”**

# ПОТСТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА АКТИВЕН ТУРИЗАМ

## СОДРЖИНА


АПСТРАКТ....5

ВОВЕД....6

1. Потреба за изработка на Потстратегијата....7

2. Методолошки пристап во изработката на Потстратегијата....9

3. Основни карактеристики на активниот туризам....11

4. Современи трендови во активниот туризам....13

5. Ситуациона анализа....14

    5.1 Анализа на туристичкиот промет....15

        5.1.1 Анализа на туристичката посетеност....15

        5.1.2 Анализа на туристичкиот престој....20

    5.2 Анализа на состојбите поврзани со активниот туризам во РС Македонија....26

        5.2.1. Анализа на законската регулатива....26

        5.2.2. Анализа на стратешки документи поврзани со активен туризам....28

        5.2.3 Преглед на потенцијалите за активен туризам во РС Македонија....34

        5.2.4 Состојба и можности за развој на активен туризам по региони....35

6. Мапирање на зони и центри за активен туризам....67

    6. 1. Постојни локации....67

    6.2. Предлог на нови локации со потенцијал за развој на активен туризам....73

    6.3. Листа на постојни центри кои имаат потенцијал за проширување и доопремување....74

    6.4. Предвидување на места и локации за обележување на центрите и поставување на патокази и инфо табли....75

7. Определување на мисијата и визијата за развој на активниот туризам....76

8. SWOT Анализа на активниот туризам во РС Македонија....77

9. Создавање мрежа на угостителски објекти....79

10. Акциски план за реализација на Потстратегијата за развој на активниот туризам....80

АКТИВНОСТИ....80

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА И ИЗВОРИ....83

АНЕКС....85

    Мапирање на зоните за развој на рурален туризам по региони....85

        Гис обележување на зоните за развој на рурален туризам во ВАПР....85

Гис обележување на зоните за развој на рурален туризам во ИСПР ........................................................86
Гис обележување на зоните за развој на рурален туризам во ЈЗПР .........................................................87
Гис обележување на зоните за развој на рурален туризам во ЈИПР ........................................................88
Гис обележување на зоните за развој на рурален туризам во ПЕПР........................................................89
Гис обележување на зоните за развој на рурален туризам во ПОПР ........................................................90
Гис обележување на зоните за развој на рурален туризам во СИПР ........................................................91
Гис обележување на зоните за развој на рурален туризам во СКПР.........................................................92
Фотографии за активен туризам...................................................................................................................93

## АПСТРАКТ

Активниот туризам е во тесна врска со потребите на современиот човек за задоволување на физичките барања сврзани со патувања надвор од местото на постојано живеење. Тој подразбира неколку содржински компоненти. Првата компонента е соединувањето на човекот со природата во туристичките дестинации. Оваа компонента овозможува пријатен престој и патување во средини кои се карактеристични по бројноста и хетерогеноста на елементи кои го определуваат просторот како одржлива симбиоза на биотски и абиотски фактори. Чувството на пријатност произлегува од стабилноста на еко – системите во ваквите животни средини. Втората компонента се однесува на исполнување на туристичките потреби сврзани со рекреативните содржини кои придонесуваат психофизичко креирање на здравствените и животните функции. Оваа компонента овозможува престојот да ги витализира органите и организмот во целина и да придонесе квалитетот на живот да биде подигнат на високо ниво. Третата компонента се однесува на натпреварувачки активности кои се однесуваат како на спортот, така и на рекреацијата и во основа имаат активен однос кон оние кои се вклучени во процесот. Во оваа компонента се јавува исполнување на желбата да се биде подобар макар и во обични состојби во текот на престојот. Четвртата компонента ја содржи адреналинската форма на доживување на активностите во животната средина како туристичка дестинација. Таа подразбира задоволување на потребите од гледна точка на предизвици и создавање на услови на доживувања кои не се катадневни и кои само во вакви прилики можат да се добијат. Со оглед на тоа дека РСМ претставува средина со извонредни можности Потстратегијата е насочена да ги открие и да ги систематизира можностите и потенцијалите за развој на активниот туризам низ сите компоненти кои ги поседува. Во таа насока придобивките треба да ги добијат како планските региони, локалните самоуправи и поединечните објекти и локалитети. На тој начин државата ќе биде во можност да ги стави овие содржини во интерес на донесување на стратегиски документи и планови кои ќе се искористат во развојот во целина.


Клучни зборови: активен туризам, адреналински активности, туристички развој, регионален развој.

## ВОВЕД

Во текот на последните децении, туризмот бележи континуиран раст и зголемена диверзификација, претставувајќи еден од најбрзорастечките економски сектори во светски рамки. Неговиот динамичниот карактер е во непосредна врска со постојаните промени така што туристичкиот развој придонесува за зголемување на туристичката потрошувачка, подобрување на туристичката понуда, збогатување на обемот и квалитетот на туристичките производи, активирање на ресурсите и усогласување на активностите со вредностите на животната средина. Исто така, игра важна улога во промовирањето на многу региони на туристичкиот пазар, врз основа на вредностите на локалното и регионалното опкружување, како потенцијали за развој на различни видови туризам.

На глобално ниво, популарноста на алтернативните форми на туризам се зголемува, иако хетерогениот опсег на пазарни сегменти е релативно обемен, а меѓу нив е и активниот туризам, кој Светската туристичка организација (UNWTO) го вклучува во категоријата „авантуристички туризам“, односно предизвикувачки туризам. UNWTO (2014a; 2019) го дефинира авантуристичкиот туризам како патување што вклучува, барем, два од следниве три елементи: физичка активност, интеракција со животната средина и културна размена. Авантуристичкиот туризам обично вклучува активности на отворено како што се планинарење, пешачење, банџи скокање, качување по карпи, рафтинг,кајакарство, кајак, кањони, планински велосипедизам, нуркање и др.

Всушност, во 2012 година беше проценето дека приходите од овој туризам изнесуваа околу 263 милијарди долари, со просечен годишен раст помеѓу 2009 и 2012 година од скоро 65 проценти. Од друга страна, просечното трошење на туристите по патување се зголемил во тој период за околу 20 % (Adventure Travel trade association- - ATTA,2013). Според ATTA (2019), како најпрактикувани форми во активниот туризам во 2018 година биле планинарење, пешачење, велосипедизам, сафари, кулинарски активности и активности насочени кон велнес. Останатите содржини сеуште се најголемиот дел од туристичката побарувачка. Според обемот на работење на туроператорите кои се занимаваат со активни/авантуристички тури најголем пораст за содржини за активен туризам во 2018 година (ATTA,2019) е забележан во Скандинавија (посебно Шведска), Јужна Америка, Северна и Јужна Африка и Средниот Исток.

Зголемениот интерес за активен туризам е во непосредна врска со промените кај туристичката побарувачка за алтернативни форми на туризам кои им обезбедуваат доживувања поврзани со горенаведеното. Според Светската туристичка организација (WNWTO, 2019) најголемиот обем на приходи во Европската Унија се очекува да се реализира токму од алтернативните форми на туризам како резултат на зголемената туристичка побарувачка која е сè подиверзифицирана помеѓу различни сегменти. Меѓу алтернативните форми на туризам, во овој поглед, е и активниот туризам.

Искуствата покажуваат дека активниот туризам е таков вид туризам кој обично се реализира во дестинации со специфични географски карактеристики и пејзажи, и е во тесна врска со физичката активност на туристите, културната размена, интеракција и поврзаност со природата.

Зголемениот интерес за активни содржини на туристите отвора нови можности за користење на просторните ресурси преку нивно афирмирање и промовирање преку туристичка понуда на различни содржини за активен туризам. Социо-економските услови во кои се развива современиот туризам, бараат изработка на документи за стратешко планирање кои треба да бидат координирани на сите нивоа - од национално ниво до ниво на дестинација. Затоа, идентификацијата и диференцијацијата на потенцијалите е неопходна за утврдување на улогата на активниот туризам во севкупниот туристички развој во РС Македонија.

Посебно е важен валоризацискиот пристап преку оценување на просторните елементи и содржини со кој ќе се овозможи да се определат правците за развој на активниот туризам преку креирање на квалитетни туристички производи. Во овој контекст е изработката на Потстратегијата за развој на активен туризам која како документ треба да е пред сè во корист на локалните заедници кои имаат потенцијал за развој на ваков вид туризам,но и развој на национално ниво.

Целта на оваа Потстратегија е да послужи како стратешки документ во кој се дефинирани потенцијалите за развој на активен туризам во функција на унапредување на состојбите, како и преземање активности за унапредување и промоција на активниот туризам како потенцијал за создавање можности за идни инвестирања во оваа сфера.

## 1. Потреба за изработка на Потстратегијата

Изработката на Потстратегијата за развој на активен туризам во РС Македонија произлегува од потребата за усогласеност на туристичкиот развој со современите тенденции во оваа сфера во национални рамки, но и пошироко во регионални и меѓународни. Ваквиот приод е во непосредна врска со заложбата на Министерството за економија да го поттикне развојот на туризмот преку изработка на потстратегии за развој на културен, активен и рурален туризам кои како стратешки документи ќе послужат како појдовна основа во идното стратешко планирање на туризмот како приоритетна дејност во развојот на државата, регионалните целини и локалните самоуправи.

Преку развојот на активниот туризам ќе се поттикне унапредувањето на спортско-рекреативните содржини во функција на рамномерен туристички развој кои се во тесна

врска со развојот на  културниот и руралниот туризам. На овој начин ќе се овозможи усогласен регионален и локален развој, при што посебно е важна улогата на локалните самоуправи во исполнувањето на целите и спроведување на активностите за поттикнување на развојот на активниот туризам. Министерството за локална самоуправа, заедно со Министерството за економија се наоѓа во улога на поддржувачи и промотори на развојните активности на овој вид туризам во локалните средини.

Развојот на активниот туризам претставува стратешка определба и на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот (АППТ) која како значаен чинител во севкупниот туристички развој на државата овозможува реализација на зацртаните цели преку промоција и настап на туристичкиот пазар на непосредните даватели на услуги и туроператорите. АППТ (2019) во Стратешкиот план за 2020 година во очекуваниот резултат 3 од Програмата зголемената поддршка во делот на создавање на нови туристички атракции ја има идентификувано како показател за успешност. Зголемена поддршка во делот на создавање на нови туристички атракции на активен туризам како уредување и промоција на пешачки и велосипедски патеки, алпинистички и спортско качувачки насоки, културни атракции во градовите Охрид, Струга и Скопје, промоција на археологијата и гастрономијата во државата и др. АППТ јасно  ја идентификува потребата за создавање на нови туристички атракции во активниот туризам. Особено промотивните активности се од приоритетно значење за развој на активниот туризам во насока на подобрен квалитет на туристичката понуда со содржини за активен туризам.

Континуираниот пораст на туризмот ја наметнува потребата од интегративен пристап кој ќе придонеси кон севкупен подобрен социо-економски развој.  Тоа подразбира  согледување и анализа  на состојбите, можностите и перспективите на одредени видови туризам кои можат да се иницијатори за подобрен туристички развој во одредени просторни целини. РС Македонија располага со потенцијали за развој на активен туризам. Тој преку оперативниот карактер на Потстратегијата треба да овозможи применливост на предвидените активности. Структурата на истражувачкиот процес во креирањето на овој документ е во функција на добивање на издржани резултати кои се основа за креирање на компонентите на акциониот план. Сумираните резултати се подлога за креирање на систематизиран и синтетизиран материјал кој ќе ја отсликува стратешката ориентација за развој на активниот туризам.

Во споредба со другите веќе афирмирани видови туризам (културен, езерски, градски, манифестациски)  за овој вид туризам во последниве години сѐ повеќе се зголемува интересот на креаторите на туристичката понуда затоа што претставува значајна развојна можност за искористување на потенцијалите за активни содржини на престој низ целата територија на државата. Потстратегијата треба да овозможи препознавање на развојните фактори и содржини за активен туризам, афирмација и формирање на позитивен имиџ и репутација на дестинациите кои располагаат со

потенцијали за активен туризам, промовирање и настап на туристичкиот пазар со препознатливи активни туристички производи.

Имајќи во предвид дека веќе од 2017 година сеуште не е донесена Национална стратегија за развој на туризмот, очигледна е потребата за донесување на оваа Потстратегија, заедно со потстратегиите за културен туризам и рурален туризам  кои ќе дадат конкретни насоки во развојот на овие три видови туризам, кои во претходната Стратегија беа дефинирани со најголем потенцијал за подобрен туристички развој. Од друга страна,  потребата од донесување на Потстратегијата се јавува и поради можностите за искористување на финансиски средства од меѓународните донатори и фондови, посебно на регионално и локално ниво.

## 2. Методолошки пристап во изработката на Потстратегијата

Во изработката на оваа Потстратегија се применува методологија која ги опфаќа формите и содржините што одговараат на потребите на овој документ со следниве компоненти:

**-** Преглед на литература, плански и други донесени документи што се однесуваат на развојот на активниот туризам. Посебно е важна анализата на современите тенденции во оваа област преку преглед и критичка анализа на литературата со што треба да се овозможи согледување на општите карактеристики на активниот туризам. Исто така, согледувањето на нивото на зацртаните развојни претпоставки кои го предвидуваат и активниот туризам ќе овозможи да се утврди местото на активниот туризам во севкупниот плански пристап во третирање на развојот на овој туризам и нивото на реализација на зацртаните развојни претпоставки во оваа смисла.

**-** Истражувањето во функција на изработка на Потстратегијата за развој на активен туризам се заснова и на прибирање секундарни показатели како резултат на  користење на релевантни индикатори  што се публикувани пред сè од Државниот завод за статистика од областа на туризмот и угостителството, како и показателите кои се содржани во други извештаи публикации на национално, регионално и локално ниво.

**-** Врз основа на прибирањето на податоци, преку овој истражувачки пристап се реализира сумирање на  резултати со што се овозможува согледување на актуелните состојби во оваа област. Добиените примарни и секундарни резултати  овозможуваат и аналитички пристап во согледувањето на евентуалните проблеми. За оваа цел се користи аналитичкиот пристап преку вкрстување на податоците преку примена на соодветни

техники. Притоа, се применува и анализа за определените развојни сегменти на окружувањето, согледувањето на идентификуваните состојби и можностите за развој.

**-** Утврдените состојби, појави и односи поврзани со развојот на активниот туризам, и резултатите од анализите, претставуваат основа за дефинирање на визијата за активен туризам, и утврдување на целите во развојот.

- Преку консултации и соработка со претставници од министерствата,, агенциите и службите кои ресурски го покриваат активниот туризам на сите три нивоа се согледуваат ставовите, мислењата и активностите кои ги преземаат овие институции во насока на креирање на стратешки пристап кон развојот на активниот туризам.

**-** Преку согледување на природните и антропогените ресурси, општествените услови, рецептивните и комуникациските ресурси се идентификуваат условите за развој на активен туризам во синергија со другите видови туризам. Притоа, класификацијата на туристичките ресурси  претставува основа за нивно мапирање во функција на идентификување, валоризација и обележување на атрактивностите и вредностите за активен туризам во сите плански региони.

**-** Реализацијата на стратешки зацртаните цели е во тесна врска со согледувањата на односите на туристичкиот пазар и креирањето на политика за настап во национални и меѓународни рамки. Тоа значи дека покрај согледаните можности за креирање на туристичката понуда и посебни туристички производи, неопходно е и согледување на туристичката побарувачка. Така ќе можат да се утврдат приоритетните туристички пазари врз основа на што ќе се дефинираат условите и начините за настап на пазарите.

- Оваа Потстратегија подразбира креирање на акционен план со мерки и активности,дефинирање на ресурси и носители за нивна реализација. Исто така, во акциониот план се содржани компонентите кои се релевантни да се реализираат предвидените цели со дефинирани приоритети и содржини кои имаат карактер на оперативни можности за користење.

- Дефинирањето на временската рамка како составен елемент на акциониот план е неопходно бидејќи врз основа на времетраењето на активностите ќе се креира и буџетот, како и оптималност на реализираните активности.

- Синтетизираните согледувања овозможуваат изработка на овој документ чија презентација пред засегнатите чинители и нарачателите и нивните критички согледувања ќе придонесат до финализирање на овој документ кој со сумираните резултати треба да ги предвиди перспективните аспекти и процеси на развојот на активниот туризам.

## 3. Основни карактеристики на активниот туризам

Обединетите нации (ОН) ја прогласија 2017 година како меѓународна година на одржливиот развој на туризмот, со што се потенцира значењето на различните алтернативни форми на туризам во одржливоста на овој сектор. Активниот туризам е несомнено еден од тие видови туризам, за кој РС Македонија располага со одлични можности за развој. Во последнава деценија забележан е брз пораст на активниот туризам кој се темели на активности што се непосредно поврзани со спортски и авантуристички содржини и се реализираат во простори кои имаат услови за активна рекреација на туристите. Активниот туризам често се поистоветува и со адреналинските активности бидејќи содржи компоненти кои им причинуваат на туристите одреден степен на задоволство, возбуда и предизвици од практикувањето на таквите содржини. Основната карактеристика на активниот туризам е што им овозможува на луѓето да откријат нови места и дестинации и да бидат во контакт со природата, бидејќи во основа содржината на активностите е најчесто на отворен простор. Активниот туризам претпоставува поврзаност на спортот со одморот, рекреацијата, слободното време и грижата за сопствената благосостојба. Значењето и ефектите од практикувањето на спортско-рекреативни содржини за здравјето на луѓето се добро познати, па во многу случаи ваквите здрави животни навики туристите ги применуваат и за време на своите одмори. Тие често пати претставуваат основен мотив да се посетуваат определени локалитети. Општо е признато дека спортот и физичките активности се важни за луѓето од медицински аспект и заради субјективна благосостојба. Поради оваа причина спортот веќе долго време се смета како корисен за подобрување на општиот квалитет на живот. Во контекст на ова, активниот туризам претставува т.н. брзорастечки тренд во туризмот последнава деценија и е непосредно поврзан со општествениот тренд за спорт и грижа за здравјето. Активниот туризам всушност ја креира спрегата помеѓу слободното време и спортско-рекреативните активности. Antar-Ecotono (2004) активниот туризам го дефинира како патувања мотивирани со практикување на спортски активности од различен физички интензитет, што подразбираат да се користат природните ресурси но без да се деградираат, и всушност предизвикуваат емоции, сензации и искуства за туристите. Во овој контекст, активниот туризам претставува составен дел од поширок концепт на туризам базиран на природа (Buckley, 2011). Овој туризам е релативно современа тема и најмногу истражувања се одвиваат во последнава деценија. Постојат многу активности што припаѓаат на активниот туризам, а се класифицираат според видот на активноста што се практикува, според условите во природното опкружување, според степенот на леснотија или тешкотија или според просторот во кој се одвива (вода,копно и воздух). Врз основа на последната класификација, можно е да се групираат различни содржини на

активности кои се сврзуваат во активен туризам, и во зависност од просторот каде се одвиваат може да се наведат следниве:

- Воздух: параглајдерство, BASE скокање, скокање со падобран, Delta plane, летање со костим – Wingsuit и користење падобран и летање со балон;
- Воздух –земја (Zip line-чекрек, банџи скокање );
- Копно: велосипедизам, планински велосипедизам, Cross Country или кружни патеки, Downhill или стрмни спустови, шумски калдрми, тесни планински патишта, Freeride комбинација на двете горе, Uphill угорници, Freestyle како мотокрос , Dualslalom или одвоени патеки со насипи од кал, Dirt Jumping односно возење преку насипи и акробации во воздух, Trails или прескокнувања на пречки, Mountain bike touring или маратонски по земјани патишта, Zorbing или воздушна кугла во која се влегува, Paintballing или маркирање со капсули испукани од пиштол, Snowboarding или алпинистички, слободно возење и слободен стил, качување по карпи, спуштање по карпа со јаже или Abseiling, возење со моторни санки, возење мото крос, планински бординг или штица со колца, скијање, санкање, јавање, пешачење и планинарење или Hiking and Trekking и спелеолошки активности и
- Вода: Flybording или летање со штица, тротинет на вода како форма на педалинка, едрење, нуркање, кајак/кану, рафтинг, скијање на вода, сурфање/ сурфање на ветер, СУП или Stand Up Paddleboard.

Активниот туризам обично се одвива во области кои не се со преголема посетеност и кои имаат многу мали интервенции или модификации од човекот, одликувајќи се со карактер на чистота, спокојство и благосостојба. Позитивните ефекти од овој вид туризам се одликуваат со психофизички бенефити. Од друга страна, активните туристи обично се свесни за животната средина, што придонесува за зачувување и поголемо ценење на природното опкружување.

Од претходното може да се сумира дека **активен туризам** е посебен начин на користење на слободното време и одморот. Активниот туризам претставува нова филозофија на патување кој комбинира спорт, предизвици, еко-туризам и културно доживување. Активниот туризам има три основни цели:

1. Рекреација која подразбира обновување на психофизичките способности но и задоволство од забава преку релаксација на умот и обновување на силата на организмот:
2. Едукација и култура затоа што тој ги цени вредности на локалните традиции и ги почитуваат другите култури и обичаи и подигнување на образовното ниво преку нови сознанија за природата, другите култури и начини на живеење.
3. Придобивки за локалните заедници и засегнатите страни бидејќи активниот туризам нема предности само за туристите туку помага на локалните заедници и

економијата промовирајќи го развојот. Разумното користење на животната средина е основа за одржливост на активниот туризам.

Наведените компоненти кои се регистрирани се добри практики со светски искуства кои можат да се реализираат и во нашиот простор.

## 4. Современи трендови во активниот туризам

Ова е еден специфичен вид туризам. Според Booking.com (2019) 34% од патниците се изјасниле дека планираат да се вклучат во активни тури кои вклучуваат активности на отворено и кои подразбираат физички напор (од поголем или помал интензитет). Во 2017 година, овој вид патувања порасна за 40% низ целиот свет во споредба со до претходните три години. Ваквиот тренд на пораст на овој туризам покажува дека, 83% од туроператорите за активни тури регистрирале пораст на бруто приходите во 2018 година во однос на 2017 за 43% (ATTA,2019). Просечната возраст на туристите кои се вклучуваат во активниот туризам е 49 години, односно на возраст помеѓу 43-55 години, а просечната цена на ден за патување во Северна Америка во 2018 година била 439 долари (ATTA,2019).

Овој вид на туризам директно и индиректно влијае на многу бизниси и посетени места од економска гледна точка, особено оние што обезбедуваат производи и услуги кои се потребни за специфичните активности. Во овој контекст, активните туристи обично трошат повеќе од просечен турист на дестинацијата, а исто така генерира дополнителна побарувачка за други видови производи и услуги. Според податоците од ATTA (2019) активниот туризам е во постојан пораст и добива сè поголема популарност. Карактеристично за туристите кои се вклучуваат во активниот туризам е дека приходите од активен туризам кои се реализираат во локалните заедници изнесуваат 70-80% од вкупната туристичка потрошувачка. Друг многу значаен тренд на активниот туризам е што активните туристи стануваат сè поориентирани кон активни и авантуристички содржини и мејнстрим туристички брендови кои нудат различни производи. Освен овие два трендови, во извештајот на ATTA во 2018 година уочени се и следниве:

- Постојат промени во туристичките текови за активен туризам со што се создаваат можности за афирмирање на дестинации кои се „нови„ на туристичкиот пазар за овие пазарни текови

- Се зголемува бројот на туристи од Кина за овој вид туризам кои според Еуромонитор ќе бидат најголема туристичка побарувачка за овој туризам до 2022.

- Се зголемува примената на дигиталните технологии во промовирање на овој туризам од страна на туроператорите преку пласирање на туристичките производи.

- Се забележува пораст на самостојни туристички патувања како за поединци така и за помали групи од 5-10 учесници. Порастот на овој вид патувања е поради поголемата слобода во можностите за комбинирање на содржини кои сакаат да ги практикуваат туристите, но и поради достапноста на информации за услугите поврзани со патувањата.

- Зголемени можности за т.н. „локални доживувања„ бидејќи туристите постојано бараат нови доживувања од дестинациите кои ги посетуваат. За оваа цел сè поголем е бројот на туристички дестинации кои креираат проактивни стратегии со кои се предвидува едукација на локалното население и давателите на услуги за активен туризам да им овозможат на туристите „локални доживувања“. Таков е примерот со платформата Visit Copenhagen која започна нова стратегија наречена LocalHood.xxv Стратегијата е насочена кон туристите кои бара да биде „привремени локалци “, односно „локални доживувања со споделено искуство засновано врз интерес, односи и автентичност “.

Но, треба да се потенцира дека појавата и развојот на трендовите се во непосредна врска со развојот на дестинации за активен туризам и зависи од одредени фактори како што се пристапност до дестинациите, расположливост и достапност на соодветни транспортни средства, квалитет на природните ресурси/вредности, дополнителни услуги, сигнализација и информација, сигурност и безбедност при реализација на активностите, хигиена и активна туристичка понуда.

Овие компоненти се регистрирани на просторот на РС Македонија и тие можат да се презентираат врз основа на документите кои се објавени од овој аспект. Во таа смисла, состојбите и можностите упатуваат на забележителна квантитативна и квалитативна димензија на активниот туризам во РС Македонија.

Низ ситуационата анализа треба да бидат согледани во анализите кои се однесуваат состојбите и можностите не само на глобален план туку и во рамките на планските региони како посебни целини, локалните самоуправи и посебните локалитети и објекти со можности за развој на активен туризам.

## 5. Ситуациона анализа

Развојот на активниот туризам е во непосредна врска со практикување на активности во природа и спортски туризам со што опфаќаат широк дијапазон на содржини кои посетителите и туристите имаат можност да ги реализираат. Ваквата поврзаност создава услови за рекреативни можности во природа како пешачење, разгледување,

пикници, манифестации и сл. Исто така подразбира и вклучување на различни видови спорт и натпреварување, или следење на спортски активности надвор од постојаното место на живеење. Тука доаѓа до израз основата на спортскиот туризам во кој туристите или посетителите се јавуваат или како учесници или како гледачи. Спортските капацитети, клубови и натпреварувања, како и природните вредности кои се лоцирани во општините или пошироко во регионите даваат можност за развој на овој вид на туризам.

Во функција на креирање на Потстратегијата се консултираат релевантни извори на податоци кои ја третираат проблематиката на развојот на туризмот на сите нивоа, а посебно на регионално ниво со цел да се утврдат состојбите и можностите за развој на активен туризам. Развојот на активниот туризам во РС Македонија е во тесна врска со можностите за одржлив социо-економски развој а во тој контекст и одржлив туристички развој. На овој начин активниот туризам има значаен потенцијал од една страна во надминување на сезонскиот карактер во дестинации кои се одликуваат со изразено висок степен на сезоналност (на пример Југозападен Регион, Пелагониски, Скопски и Источен), а од друга страна во креирање можности за подобар развој на туризмот и поголема конкурентност (Источен Регион, Североисточен, Пелагониски, Полошки).

Врз основа на дефинираните критериуми за изработка на Потстратегија за развој на активен туризам која треба да ги сублимира сите постојни информации со цел да биде во корист на локалните самоуправи, да даде јасна слика за постојните капацитети за активен туризам во осумте (8-те) плански региони во државата, анализата е направена за секој регион поединечно.

## *5.1 Анализа на туристичкиот промет*

За да може да се утврдат развојните насоки на туризмот треба да се пристапи на анализа на туристичкиот промет. Тоа е можно преку идентификување во структурна и динамична смисла на туристичката посетеност и туристичкиот престој. Во продолжение е даден ваков преглед по плански региони.

### *5.1.1 Анализа на туристичката посетеност*

Туристичката посетеност е индикатор кој произлегува од бројот на регистрирани туристи кои посетиле одреден простор во даден временски интервал. Во продолжение е даден табеларна и графичка анализа на бројот на туристи во структурна смисла, процентуално учество и распределеност по региони во последните 5 години, како последни релевантни податоци добиени од Државниот завод за статистика.

Табела бр. 1 – Преглед на број на туристи (домашни и странски) по плански региони и процентуално учество 2014-2018

| Година | Плански регион | Број на туристи | % | Домашни туристи | % | Странски туристи | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2014** | **Вардарски** | 20667 | 2,8 | 5467 | 1,8 | 15200 | 3,6 |
| | **Источен** | 23035 | 3,1 | 14306 | 4,6 | 8729 | 2,1 |
| | **Југозападен** | 269547 | 36,6 | 125320 | 40,4 | 144227 | 33,9 |
| | **Југоисточен** | 124707 | 17,0 | 74071 | 23,9 | 50636 | 11,9 |
| | **Пелагониски** | 65527 | 8,9 | 44533 | 14,3 | 20994 | 4,9 |
| | **Полошки** | 29143 | 4,0 | 15886 | 5,1 | 13257 | 3,1 |
| | **Североисточен** | 6937 | 0,9 | 2703 | 0,9 | 4234 | 1,0 |
| | **Скопски** | 196087 | 26,7 | 28050 | 9,0 | 168037 | 39,5 |
| | **ВКУПНО** | **735650** | **100,0** | **310336** | **100,0** | **425314** | **100,0** |
| **2015** | **Вардарски** | 24308 | 3,0 | 7981 | 2,4 | 16327 | 3,4 |
| | **Источен** | 25907 | 3,2 | 16751 | 5,1 | 9156 | 1,9 |
| | **Југозападен** | 298057 | 36,5 | 136637 | 41,3 | 161420 | 33,2 |
| | **Југоисточен** | 133328 | 16,3 | 82143 | 24,9 | 51185 | 10,5 |
| | **Пелагониски** | 62019 | 7,6 | 40447 | 12,2 | 21572 | 4,4 |
| | **Полошки** | 30200 | 3,7 | 14565 | 4,4 | 15635 | 3,2 |
| | **Североисточен** | 8125 | 1,0 | 2059 | 0,6 | 6066 | 1,2 |
| | **Скопски** | 234123 | 28,7 | 29954 | 9,1 | 204169 | 42,1 |
| | **ВКУПНО** | **816067** | **100,0** | **330537** | **100,0** | **485530** | **100,0** |
| **2016** | **Вардарски** | 26064 | 3,0 | 8375 | 2,4 | 17689 | 3,5 |
| | **Источен** | 30568 | 3,6 | 20643 | 6,0 | 9925 | 1,9 |
| | **Југозападен** | 322334 | 37,6 | 151347 | 43,7 | 170987 | 33,5 |
| | **Југоисточен** | 135092 | 15,8 | 82907 | 23,9 | 52185 | 10,2 |
| | **Пелагониски** | 58355 | 6,8 | 37012 | 10,7 | 21343 | 4,2 |
| | **Полошки** | 27318 | 3,2 | 13805 | 4,0 | 13513 | 2,6 |
| | **Североисточен** | 9774 | 1,1 | 2730 | 0,8 | 7044 | 1,4 |
| | **Скопски** | 247338 | 28,9 | 29540 | 8,5 | 217798 | 42,7 |
| | **ВКУПНО** | **856843** | **100** | **346359** | **100,0** | **510484** | **100,0** |
| **2017** | **Вардарски** | 26145 | 2,6 | 8033 | 2,2 | 18112 | 2,9 |
| | **Источен** | 31775 | 3,2 | 19947 | 5,4 | 11828 | 1,9 |
| | **Југозападен** | 368924 | 36,9 | 164459 | 44,7 | 204465 | 32,4 |
| | **Југоисточен** | 142888 | 14,3 | 84260 | 22,9 | 58628 | 9,3 |
| | **Пелагониски** | 63549 | 6,4 | 38074 | 10,3 | 25475 | 4,0 |
| | **Полошки** | 30124 | 3,0 | 14150 | 3,8 | 15974 | 2,5 |
| | **Североисточен** | 11290 | 1,1 | 2387 | 0,6 | 8903 | 1,4 |
| | **Скопски** | 324146 | 32,5 | 36937 | 10,0 | 287209 | 45,5 |
| | **ВКУПНО** | **998841** | **100,0** | **368247** | **100,0** | **630594** | **100,0** |
| **2018** | **Вардарски** | 26385 | 2,3 | 8969 | 2,1 | 17416 | 2,5 |
| | **Источен** | 34354 | 3,0 | 20490 | 4,9 | 13864 | 2,0 |
| | **Југозападен** | 419717 | 37,2 | 181102 | 43,2 | 238615 | 33,7 |
| | **Југоисточен** | 160173 | 14,2 | 104971 | 25,0 | 55202 | 7,8 |
| | **Пелагониски** | 70798 | 6,3 | 38789 | 9,2 | 32009 | 4,5 |
| | **Полошки** | 37091 | 3,3 | 16802 | 4,0 | 20289 | 2,9 |
| | **Североисточен** | 10820 | 1,0 | 2312 | 0,6 | 8508 | 1,2 |
| | **Скопски** | 367597 | 32,6 | 46155 | 11,0 | 321442 | 45,4 |
| | **ВКУПНО** | **1126935** | **100,0** | **419590** | **100,0** | **707345** | **100,0** |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ – Мак-Стат база и сопствени пресметки*

Во табелата е даден преглед на вкупниот број на туристи, домашните и странските туристи по региони во последните 5 години (2014-2018 година), како и нивното процентуално учество. Таквиот преглед се однесува и на планските региони со што е претставена територијалната разместеност на ваквата категорија. За да се добие поголема прегледност, тоа е претставено и графички.

График бр. 1 – Преглед на вкупниот број туристи по плански региони – 2014-2018 година




*Извор: Државен завод за статистика на РСМ – Мак-Стат база*

Најпрво е даден графички преглед на динамиката на вкупниот број на туристи по региони во разгледаниот временски интервал од 5 години. Прв заклучок е дека вкупниот број на туристи во РС Македонија во изминатите 5 години е во постојан пораст. Во 2014 година вкупниот број на туристи бил 735650, за во 2018 година таа бројка да порасне на 1126935 туристи (зголемување од 53,2 % во споредба со 2014 година). Доколку се анализира распределеноста по региони на вкупниот број на туристи може да се заклучи дека во сите анализирани години првите три места ги заземаат Југозападниот, Скопскиот и Југоисточниот плански регион. Логички заклучок е дека најголемиот број на туристи доаѓаат во оние плански региони каде што има и најголем број на расположливи сместувачки капацитети и капацитети за давање на услуги на храна и пијалаци (ЈЗПР и СКПР). Меѓутоа, и покрај тоа што ЈИПР се наоѓа зад ПЕПР по бројот на расположливи угостителски капацитети, во него се регистрирани поголем број на туристи во споредба со ПЕПР. Во анализираните последни 3 години (2016-2018) година може да се забележи поизразен раст во бројот на туристи, во споредба со првите две анализирани години (2014 и 2015). Во последната анализирана година, процентуалното учество на ЈЗПР изнесува 37,2 % од вкупниот број на регистрирани туристи во РС Македонија. Скопскиот

плански регион учествува со 32,6 %, додека Југоисточниот бележи процентуално учество од 14,2 %. Овие три плански региони имаат вкупно учество од над 70 % што претставува забележителен податок. Останатите околу 30 % се распределени на вкупно 5 плански региони.

График бр. 2 – Преглед на бројот на домашни туристи по плански региони – 2014-2018 година




*Извор: Државен завод за статистика на РСМ – Мак-Стат база*

Во графикот е даден преглед на динамиката и распределеноста на бројот на домашни туристи во изминатите 5 години (2014-2018). Може да се забележи дека порастот на бројот на домашни туристи е исто така континуиран во изминатите 5 години. Меѓутоа, тој пораст не е толку изразен. Така, во 2014 година во РС Македонија се регистрирани вкупно 310336 домашни туристи, додека во 2018 година таа бројка изнесува 419590. Тоа претставува пораст од 35,2 % во однос на 2014 година. Ако се анализира распределеноста во опфатениот временски период од 5 години може да се забележи дека првите три места ги заземаат Југозападниот, Југоисточниот и Пелагонискиот плански регион. Скопскиот плански регион паѓа дури на четвртото место. Исклучок е само последната анализирана година, кога Скопскиот плански регион бележи поголем број домашни туристи во споредба со Пелагонискиот и се искачува на третото место. Според тоа процентуалното учество во 2018 година изнесува: ЈЗПР – 43,2 %, ЈИПР – 25,0 %, СКПР – 11 %. Трите најпосетени региони од страна на домашните туристи бележат вкупно учество од скоро 80 % што е забележително.

График бр. 3 – Преглед на бројот на странски туристи по плански региони – 2014-2018 година




*Извор: Државен завод за статистика на РСМ – Мак-Стат база*

Во графикот е даден преглед на динамиката и распределеноста на бројот на странски туристи во последните анализирани 5 години. Слично како кај домашните туристи, така и кај странските може да се утврди континуиран пораст на вкупниот број на странски туристи кои ја посетиле РС Македонија во анализираниот временски период. За разлика од домашните туристи, овој пораст е забележително поизразен кај странските. Така, во 2014 година РС Македонија ја посетиле вкупно 425314 туристи, а во 2018 година 707345. Ова претставува пораст од дури 66,3 % (во однос на 2014 година) што е скоро двојно повеќе во однос на процентуалниот пораст на домашните туристи. Како што може да се утврди од графичкиот преглед, најголем пораст се бележат во последните две анализирани години (2017 и 2018 година). Исто така, доколку се разгледа структурата на туристите во 2018 година, може да се забележи дека странските туристи во вкупниот број учествуваат со дури 62,8 %, за разлика од домашните со 37,2 %. Овој однос во 2014 година изнесува 57,8 % странски туристи наспроти 42,2 % домашни. Може да се заклучи дека бројот и учеството на странските туристи во РС Македонија рапидно расте. Така и туризмот во иднина треба да се развива во вакви насоки. И при анализата на распределеноста на странските туристи, слично како кај анализата на вкупниот број туристи, може да се заклучи дека првите три места ги заземаат Југозападниот, Скопскиот и Југоисточниот плански регион. Меѓутоа, на прво место овде се наоѓа Скопскиот плански регион, односно него го посетиле повеќе странски туристи, отколку ЈЗПР. Ваквата ситуација останува непроменета во сите анализирани години, а се регистрира кај сите

континуиран раст во бројот на странски туристи. Во 2018 година процентуалното учество на СКПР изнесува 45,4 % во вкупниот број на туристи, додека ЈЗПР учествува со 33,7. На третото место далеку зад нив се наоѓа ЈИПР со учество од 7,8%. Така, вкупното учество на првите два региони (ЈЗПР и СКПР) изнесува скоро 80 %.

Од ваквиот преглед може да се заклучи дека процентуалното учество на неколку региони во вкупниот број на туристи (посебно странски) кои ја посетиле РС Македонија во изминатите години е премногу високо. Останатите региони во оваа смисла не бележат задоволително ниво на посетеност. Стратешките преземања во туризмот треба да е во насока на фаворизирање на туристичките потенцијали од различен вид токму во овие просторни целини. Тоа ќе се постигне со развивање на селективни видови туризам (како што е руралниот, активниот и културниот туризам) и креирање на атрактивни производи во нив.

### *5.1.2 Анализа на туристичкиот престој*

Важен индикатор за определување на степенот на туристички развој на планските региони, претставува и анализата на туристичката посетеност. Таа се определува преку бројот на регистрирани ноќевања. Во продолжение е даден табеларен и графички преглед на бројот на ноќевања на вкупниот број туристи и нивната структура на домашни и странски во последните 5 години (2014-2018). Исто така е опфатено и процентуалното учество на секој од планските региони во РС Македонија во однос на овие податоци. Податоците се добиени од Државниот завод за статистика и сопствени пресметки

Табела бр. 2 – Преглед на број на ноќевања (домашни и странски) по плански региони и процентуално учество 2014-2018

| Година | Плански регион | Број на туристи | % | Домашни туристи | % | Странски туристи | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2014** | **Вардарски** | 39662 | 1,8 | 12001 | 0,9 | 27661 | 3,0 |
| | **Источен** | 49221 | 2,2 | 27277 | 2,1 | 21944 | 2,4 |
| | **Југозападен** | 1095452 | 49,9 | 694229 | 54,5 | 401223 | 43,5 |
| | **Југоисточен** | 401065 | 18,3 | 304148 | 23,9 | 96917 | 10,5 |
| | **Пелагониски** | 154595 | 7,0 | 98784 | 7,8 | 55811 | 6,0 |
| | **Полошки** | 54419 | 2,5 | 29675 | 2,3 | 24744 | 2,7 |
| | **Североисточен** | 10671 | 0,5 | 4465 | 0,4 | 6206 | 0,7 |
| | **Скопски** | 390798 | 17,8 | 102791 | 8,1 | 288007 | 31,2 |
| | **ВКУПНО** | **2195883** | **100,0** | **1273370** | **100,0** | **922513** | **100,0** |
| **2015** | **Вардарски** | 39636 | 1,7 | 13806 | 1,0 | 25830 | 2,5 |
| | **Источен** | 53357 | 2,2 | 31612 | 2,3 | 21745 | 2,1 |
| | **Југозападен** | 1201927 | 50,2 | 745473 | 54,9 | 456454 | 44,0 |
| | **Југоисточен** | 412804 | 17,2 | 326515 | 24,0 | 86289 | 8,3 |
| | **Пелагониски** | 157766 | 6,6 | 104922 | 7,7 | 52844 | 5,1 |
| | **Полошки** | 60574 | 2,5 | 29041 | 2,1 | 31533 | 3,0 |
| | **Североисточен** | 15229 | 0,6 | 2863 | 0,2 | 12366 | 1,2 |
| | **Скопски** | 452912 | 18,9 | 103590 | 7,6 | 349322 | 33,7 |
| | **ВКУПНО** | **2394205** | **100,0** | **1357822** | **100,0** | **1036383** | **100,0** |
| **2016** | **Вардарски** | 41643 | 1,7 | 16557 | 1,2 | 25086 | 2,4 |
| | **Источен** | 66515 | 2,7 | 44645 | 3,2 | 21870 | 2,1 |
| | **Југозападен** | 1228617 | 49,9 | 778189 | 55,3 | 450428 | 42,7 |
| | **Југоисточен** | 437607 | 17,8 | 342646 | 24,4 | 94961 | 9,0 |
| | **Пелагониски** | 141153 | 5,7 | 90028 | 6,4 | 51125 | 4,9 |
| | **Полошки** | 52590 | 2,1 | 24887 | 1,8 | 27703 | 2,6 |
| | **Североисточен** | 13751 | 0,6 | 3465 | 0,2 | 10286 | 1,0 |
| | **Скопски** | 479284 | 19,5 | 106726 | 7,6 | 372558 | 35,3 |
| | **ВКУПНО** | **2461160** | **100** | **1407143** | **100,0** | **1054017** | **100,0** |
| **2017** | **Вардарски** | 47189 | 1,7 | 17473 | 1,2 | 29716 | 2,3 |
| | **Источен** | 62957 | 2,3 | 38320 | 2,6 | 24637 | 1,9 |
| | **Југозападен** | 1365684 | 49,2 | 826774 | 55,8 | 538910 | 41,6 |
| | **Југоисточен** | 457162 | 16,5 | 351244 | 23,7 | 105918 | 8,2 |
| | **Пелагониски** | 161751 | 5,8 | 93314 | 6,3 | 68437 | 5,3 |
| | **Полошки** | 60249 | 2,2 | 27457 | 1,9 | 32792 | 2,5 |
| | **Североисточен** | 17207 | 0,6 | 3283 | 0,2 | 13924 | 1,1 |
| | **Скопски** | 602953 | 21,7 | 122595 | 8,3 | 480358 | 37,1 |
| | **ВКУПНО** | **2775152** | **100,0** | **1480460** | **100,0** | **1294692** | **100,0** |
| **2018** | **Вардарски** | 48649 | 1,5 | 21272 | 1,3 | 27377 | 1,8 |
| | **Источен** | 69419 | 2,2 | 39591 | 2,3 | 29828 | 2,0 |
| | **Југозападен** | 1539219 | 48,5 | 908457 | 53,9 | 630762 | 42,3 |
| | **Југоисточен** | 571670 | 18,0 | 463329 | 27,5 | 108341 | 7,3 |
| | **Пелагониски** | 203620 | 6,4 | 98618 | 5,9 | 105002 | 7,0 |
| | **Полошки** | 71929 | 2,3 | 32464 | 1,9 | 39465 | 2,6 |
| | **Североисточен** | 14185 | 0,4 | 3280 | 0,2 | 10905 | 0,7 |
| | **Скопски** | 658117 | 20,7 | 118262 | 7,0 | 539855 | 36,2 |
| | **ВКУПНО** | **3176808** | **100,0** | **1685273** | **100,0** | **1491535** | **100,0** |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ – Мак-Стат база и сопствени пресметки*

Слично на табеларниот преглед погоре за бројот на посетители, односно туристи кои ги посетиле планските региони во изминатите пет години, во оваа табела е даден бројот на ноќевања кои тие ги реализирале. За попластична и подобра прегледност на структурата и динамиката на ноќевањата на домашните и странските туристи во продолжение се дадени графички прегледи.

График бр. 4 – Преглед на вкупниот број на реализирани ноќевања на туристите (домашни и странски) по плански региони – 2014-2018 година




*Извор: Државен завод за статистика на РСМ – Мак-Стат база*

Во графичкиот преглед е претставена динамиката на вкупниот број реализирани ноќевања од страна на туристите (домашни и странски туристи вкупно) во планските региони. Временската рамка за која се врши оваа анализа е изминатиот петгодишен период (2014-2018). Прв заклучок е дека вкупниот број на реализирани ноќевања на туристите во сите плански региони е во континуиран пораст во анализираните 5 години. Во 2014 година вкупниот број на реализирани ноќевања изнесувал 2195883, додека во 2018 година реализирани биле 3176808 ноќевања. Тоа значи зголемување од 44,7 % во однос на првата анализирана година (2014 година). Тоа е нешто помало зголемување во споредба со бројот на реализирани доаѓања. Од анализата на ноќевањата во овој временски период во планските региони може да се утврди дека првите три плански региони со најголем број остварени ноќевања остануваат скоро исти. На прво место се наоѓа Југозападниот плански регион, а потоа следат Скопскиот и Југоисточниот. Југоисточниот плански регион по бројот на остварени ноќевања бил пред Скопскиот само во 2014 година. Забележлив е фактот што според овој параметар Југозападниот плански

регион предничи многу пред сите останати региони, вклучувајќи ги СКПР и ЈИПР. Процентуалното учество на ЈЗПР дури и се намалува во анализираниот период. Така, во 2014 година тоа изнесувало 49,9 % па се бележи благ пораст, за во последните две години да има благо опаѓање (48,5 % во 2018 година). Меѓутоа, разликата на реализирани ноќевања во ЈЗПР со останатите плански региони во државата е посебно изразен. Така, само за илустрација, ако се погледне последната анализирана година, во ЈЗПР реализирани биле вкупно 1539219 ноќевања што значи повеќе од двојно ноќевања во споредба со второпласираниот Скопскиот плански регион (кој бележи процентуално учество од 20,7 %) и Југоисточниот на трето место (со процентуално учество од 18,0 %). Нивното заедничко процентуално учество (на ЈЗПР, СКПР и ЈИПР заедно) изнесува нешто повеќе од 85 %. Тоа е поизразено во споредба со бројот на реализирани доаѓања (околу 70 %), разгледано во претходната табела погоре. Останатиот дел на вкупните ноќевања во РС Македонија се распределени во другите 5 плански региони чие заедничко учество е нешто помалку од 15 %. Тоа зборува за потребата за преземање на итни акции за унапредување на ваквите неповолни состојби во тие плански региони.

График бр. 5 – Преглед на бројот на реализирани ноќевања од страна на домашните туристи по плански региони – 2014-2018 година




*Извор: Државен завод за статистика на РСМ – Мак-Стат база*

Во графикот е даден преглед на бројот на реализирани ноќевања од страна на домашните туристи во изминатите 5 години (2014-2018) во 8-те плански региони. Може да се забележи дека порастот на бројот на домашни туристи е исто така континуиран во изминатите 5 години. Во 2014 година во РС Македонија се регистрирани вкупно 1273370

ноќевања на домашните туристи, додека во 2018 година таа бројка изнесува 1685273, што претставува пораст од 32,3 % што е скоро на исто ниво како и зголемувањето на бројот на туристи (доаѓања). При разгледување на процентуалното учество на планските региони во оваа бројка, може да се забележи поголемо учество на Југозападниот плански регион во однос на вкупниот број реализирани ноќевања. Така, во 2018 година тоа учество на ЈЗПР изнесува 53,9. Тоа е дури поголемо учество отколку при анализата на бројот на доаѓања на домашните туристи. На второ место по бројот на ноќевањата се наоѓа Југоисточниот плански регион (со процентуално учество од 27,5 % во 2018 година), додека Скопскиот се наоѓа на трето место, но со многу помало процентуално учество (само 7,0 %). Тоа значи дека во ЈЗПР, само во 2018 година биле реализирани повеќе од половина ноќевања на ниво на државата. Заедничкото учество на прворангираните три плански региони изнесува нешто повеќе од 88 %. Тоа е дури повеќе отколку кај анализата на реализирани доаѓања (посети) на домашните туристи.

График бр. 6 – Преглед на бројот на реализирани ноќевања од страна на странските туристи по плански региони – 2014-2018 година




*Извор: Државен завод за статистика на РСМ – Мак-Стат база*

Од графичкиот преглед може да се анализира распределеноста на реализираните ноќевања од страна на странските туристи во периодот од 2014 до 2018 година. И овде може да се забележи континуиран пораст на овие бројки во петгодишниот период. Меѓутоа, овој пораст е поизразен отколку кај реализираните ноќевања од страна на домашните туристи. Имено, во 2014 година на ниво на држава биле реализирани вкупно 922513 странски ноќевања, за во 2018 тоа да порасне на дури 1491535. Тоа претставува зголемување од 61,7 %. Ова зголемување е на слично ниво како при анализата на бројот

на странски доаѓање во претходната табела. Во однос на ноќевањата на домашните туристи, зголемувањето кај странските туристи од 2014 до 2018 година е скоро двојно повеќе. Доколку се анализира структурата на ноќевањата на туристите (домашни и странски во вкупниот број), може да се забележи дека ноќевањата на домашните туристи бележат поголемо процентуално учество во вкупниот број на ниво на држава, отколку ноќевањата на странските. Така, во 2018 година процентуалното учество на ноќевањата на домашните туристи во вкупниот број изнесува 53,0 %, наспроти ноќевањата на странските 47,0 %. Ова е интересен податок бидејќи од претходната табела која се однесуваше на бројот на реализирани доаѓања имаме поголемо процентуално учество на странските туристи, отколку домашни (57,8 % странски туристи наспроти 42,2 % домашни). Тоа значи дека домашните туристи имаат подолго траење на престојот во однос на странските. Ваквото процентуално учество на ноќевањата има тенденција на урамнотежување помеѓу домашните и странските туристи во изминатите 5 години. Имено, во 2014 година процентуалното учество на ноќевањата на домашните туристи изнесувало 57,9 % наспроти ноќевањата на странските туристи 42,1 %. Тоа зборува за потребата за креирање на такви туристички содржини со кои не само би се привлекувале повеќе странски и домашни туристи, туку и да се создадат услови за подолг престој, посебно за странските туристи. Доколку се анализира распределеноста на ноќевањата на странските туристи по региони може да се забележи дека првите три места повторно ги држат истите три плански региони, како кај анализата на ноќевањата на домашните туристи. Така, на прво место во 2018 година е ЈЗПР со 42,3 %, додека блиску зад него на второто место се наоѓа СКПР со процентуално учество од 36,2 %. Далеку зад нив, на трето место, се наоѓа Југоисточниот плански регион со процентуално учество од само 7,3 %. За разлика од анализата на бројот на туристи во планските региони, може да се забележи дека и покрај тоа што во СКПР дошле повеќе странски туристи отколку во ЈЗПР (процентуално учество од 45,4 % наспроти 33,7 %), во ЈЗПР се реализирани повеќе странски ноќевања. Тоа значи дека во СКПР странските туристи имале многу краток просечен престој за разлика од ЈЗПР. Заедничкото процентуално учество на трите прворангирани плански региони по овој основ е повеќе од 85 %. Тоа значи дека останатиот дел на странските ноќевања е распределен на другите 5 плански региони што е премалку.

Заеднички заклучок од анализата на ноќевањата на туристите по плански региони во анализираниот петгодишен период е дека домашните туристи реализирале повеќе ноќевања од странските. Ова е во директна корелација со туристичката потрошувачка. Имено, подолгиот престој имплицира и повисока потрошувачка. Во овој поглед треба да се работи на унапредување на должината на престој на странските туристи. Тоа може да се реализира со збогатување на содржината на престој на странските туристи. Важна

улога во оваа насока би имале атрактивните селективни видови туризам, како што се активниот, руралниот и културниот. Исто така од анализата може да се заклучи преголемо учество на два региони во вкупниот број остварени ноќевања во РС Македонија (Југозападниот и Скопскиот). Тоа е поизразено за странските туристи кои на еден начин се концентрирани во овие два региони. Посетеноста и престојот на останатите плански региони е на прениско ниво. Поради тоа, структурите за развој на туризмот траба да изнајдат начини за урамнотежување на ваквите дискрепанции. Тоа може да се овозможи со креирање атрактивни содржини во недоволно посетените плански региони. Важна улога во оваа смисла би имале културно – туристичките, рекреативно – адреналинските и руралните содржини со оглед на фактот што скоро сите плански региони располагаат со бројни значајни вредности од ваков тип кои се недоволно искористени. Акциониот план во рамките на оваа Потстратегија ги има земено во предвид ваквите констатации.

### *5.2 Анализа на состојбите поврзани со активниот туризам во РС Македонија*

Анализата на состојбите поврзани со активниот туризам е во насока на зонирање на просторни целини со потенцијал за развој на активниот туризам. Ваквото зонирање се однесува како на идентификување на веќе постоечки комплекси со активно – туристички карактеристики и креирање на нови просторни целини со создавање на атрактивни понуди како збир на вакви вредности и услуги.

#### *5.2.1. Анализа на законската регулатива*

Изработката на Потстратегијата за развој на активен туризам се потпира на соодветна законска регулатива од областа на туризмот и регионалниот развој. Ваквиот пристап е неопходен со оглед на разновидноста на содржини и услуги кои ги нудат субјектите во угостителско-туристичката и спортско-рекреативната дејност во РС Македонија, од што произлегуваат и нивни бројни меѓусебни односи. Токму поради ваквата меѓусебна поврзаност произлегува потребата да се консултираат законските одредби кои се однесуваат на туристичките и спортско– рекреативните содржини и услуги. Оваа проблематика ја третираат: Законот за туристичка дејност, Законот за угостителска дејност и Законот за спорт:

Според **Законот за туристичка дејност** дефинирањето на „туристичка дејност“ (Службен весник на РМ” бр.53/16,член2)покрај другото вклучува и организација и реализација на туристички патувања **поврзани со организирање на спортски манифестации,** а „туристичкото место“ како подрачје или дестинација кое како

организациска и функционална целина располага со услови, објекти и други содржини за сместување и престој на туристите. Понатаму, со овој Закон за туристичка дејност се регулираат обврските на туристичките агенции кои меѓу другото вклучуваат организирање и посредување во продажба на услуги на стационираниот, селски, бањски, здравствен, конгресен, спортски, ловен **и други видови туризам(активен туризам).**

Значењето на безбедноста и сигурноста при организација на туристичките патувања е регулирано со член 19-а од Законот за туристичка дејност каде конкретно е наведено дека: „во патничките програми кои вклучуваат спортско-рекреативни, авантуристички и екстремни активности (скијање, нуркање, едрење, јавање,горско-планинско возење, сплаварење, рафтинг, истражување пештери, возење кануа и други слични водни возила, падобранство, едрење, параглајдерство, скокање со јаже и слично), освен ангажирање туристички водичи, треба да ангажираат и стручно оспособени лица за такви активности (тренери, инструктори, водичи и слично).

Во овој член јасно се наведуваат активности кои спаѓаат во активниот туризам. Меѓу другото, во овој Закон преку одредбите во кои туристичките региони ги дефинира како географска и функционална просторна површина која опфаќа неколку туристички места со заедничко име чии природни и создадени туристички вредности се основа за формирање самостојна туристичка понуда дава можности за креирање понуда со содржини за активен туризам.

Понатаму, со Законот за туристичка дејност предвидено е давање на други туристички услуги во смисла на организирање рекреативни и забавни активности на плажи и базени, изнајмување на пловила за забава (сандолини, даска за едрење и слично), прибор за риболов и слично со што се даваат можности и за давање на услуги за активен туризам.

Според **Законот за угостителска дејност** дефинирањето на „угостителска дејност“ (Службен весник на РМ” бр.71/16) е одредено со давање на услуги за сместување во сместувачките објекти во неколку категории кои треба да ги исполнат минималните технички услови што се регулираат со правилникот кој ги дефинира критериумите за различните форми за сместување, меѓутоа нема посебни одредби за соодветна инфраструктура поврзана со потребни технички услови за активен туризам

Сите форми на спортски активности на спортистите од сите возрасти, како и спортско - рекреативните активности на граѓаните се опфатени во дефинирањето на спортот во **Законот за спорт** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/2011).Според овој Закон,дејноста спорт ја вршат спортските здруженија и други правни лица од областа на спортот бидејќи располагаат со соодветна опрема и соодветен стручен кадар,така што може да даваат услуги за спортско – рекреативни активности.

Овој закон ги регулира условите со кои се предвидува организирање на спортски и рекреативни активности на граѓаните и обезбедување на кадри. На овој начин се

овозможува вклученост на кадрите во давање услуги поврзани со активниот туризам а усогласени со Законот за туристичка дејност.

Наведените законски прописи го опфаќаат активниот туризам во одредени сфери што покажува дека постои законска основа со која активниот туризам може да се прифати како важен сегмент на туристичкиот развој на државата. Затоа при изработката на Потстратегијата за активен туризам се земени во предвид законските прописи кои делумно ја регулираат областа на активниот туризам. Овој документ може да претставува основа и за идно дефинирање на различни подзаконски акти поврзани со активниот туризам во функција на подобрен туристички развој како на национално, така и на регионално и локално ниво.

*5.2.2. Анализа на стратешки документи поврзани со активен туризам*

Сублимираните резултати од анализата на стратешките документи покажуваат дека во РС Македонија постојат документи кои најчесто се однесуваат на развојот на туризмот и некои од нив ја третираат проблематиката на активниот туризам преку постоење на определени форми. Затоа, при изработката на Потстратегијата за активен туризам како стратешки документ се имаат предвид стратешките документи на национално и регионално ниво. Од анализираните документи во функција на оваа Потстратегија посебен осврт ќе дадеме на следниве:

**Нацрт Стратегијата за развој на туризмот**(2016-2020) која сеуште не е усвоена и дава осврт на тековната состојба на туризмот во РС Македонија ги идентификува потенцијалите за активен туризам преку можности за планински, зимски, авантуристички и езерски туризам. Врз основа на анализата на општите услови, тековната ситуација и потенцијалот во национални и меѓународни рамки можностите за искористување на потенцијалите се оценети како добри. Во овој документ иако видовите туризам се идентификувани како дел од понудата, сепак не е дефиниран планскиот пристап за развој на активниот туризам како сегментиран вид.

Во **Стратегијата за регионален развој на Република Македонија (2009-2019**) природното наследство во планските региони е идентификувано како одлична основа за развој на туризмот во РС Македонија кое сеуште не е доволно искористено. Според една од главните стратешки цели во Стратегијата,конкурентноста на планските региони треба да се заснова на динамичен и одржлив развој поради што меѓу приоритетите за остварување на оваа цел идентификувано е *Креирање на конкурентски предности на планските региони* преку туристичко промовирање на природното наследство за развој на туризмот во планските региони како и обезбедување на институционална поддршка за развивање на различни видови туризам. Во оваа смисла освен езерскиот и планинскиот

туризам, алтернативните форми на туризам (како што се наведени спелеолошкиот,ловениот и др.) се препознати како активни форми на туризам за кои има потенцијал во планските региони.

**Националната стратегија за одржлив развој во Република Македонија (2009-2030 година**) дава осврт на одредени компоненти кои се однесуваат на развојот на туризмот во одржлива смисла. Во рамките на оваа Национална стратегија во една од препораките за одржлив развој преку поддршката на малите и средните претпријатија се смета дека: „Највисок потенцијал за мали и средни претпријатија постои во следните сектори: туризам, индустрија (текстилна, машинска, автомобилска, енергетска и транспортна, ИКТ), земјоделство (примарно производство и биогорива) и производство на храна (конзервирање, вино, сирење, тутун, храна-стари рецепти, билки итн.) и занаетчиство (уметнички занаети, дрворезба, културни услуги)“, што значи дека со Стратегијата се прифаќа значењето на ваквите мали и средни производители кои го имаат во развојот на туризмот, а со тоа и социо-економскиот одржлив развој на РС Македонија. Во овој стратешки документ е регистрирана постојната состојба на природното (и културното) наследство во РС Македонија, што е оценето како позитивна, но се утврдуваат и потребите за нивна заштита во иднина: „...богатите природни и културни ресурси на РС Македонија во моментот се сеуште неуништени. Сето ова, во контекст на одржливиот развој, значи дека се потребни мудри чекори и активности насочени кон превенција и заштита на животната средина и природното и културно наследство.“ Во Стратегијата: „Целите и насоките, како почетна точка би требало да ги имаат богатите и релативно неуништени природни и културни ресурси на РС Македонија. Оттука, целта ќе биде насочена кон одржлива интеграција на туризмот, шумарството, земјоделството и индустрискиот сектор со одржлива поддршка од енергетскиот сектор, инфраструктурата и секторот за транспорт.“ Во оваа смисла е развојот на одредени видови туризам и потенцијалот на активниот туризам. Имено, како една од дефинираните потреби во рамките на дијагнозата на целокупните состојби на одржливиот развој во РС Македонија стои: „Потреба од структурирано стратешко работење и планирање во туризмот, кој претставува сектор со голем потенцијал “

**Стратешкиот план на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот (АППТ) за 2020 година** има утврдено 6 приоритети кои се однесуваат на оптимизирана внатрешна организација на АППТ, реализација на програмските активности, нови форми на промоција, Зајакнување на односот со туристичкото стопанство, зголемена поддршка во делот на создавање на нови туристички атракции и поддршка во делот на субвенционирање на туристичкиот сектор. Според оваа програма се предвидува да се спроведат активности за зголемена поддршка во делот на создавање на нови туристички атракции особено во делот на создавање на нови туристички атракции за активен туризам како уредување и промоција на пешачки и велосипедски патеки,алпинистички и

спортско качувачки насоки. Преку ваквиот проактивен однос на АППТ кон препознавање на потенцијалот на активниот туризам за подобрен туристички развој на земјата се потврдува и значењето и потребата од развој на овој вид туризам во функција на диверзифицирана туристичка понуда на ниво на целата држава.

**Подстратегијата за развој на спортски туризам со акционен план (2015–2018),** како стратешки документ, има оперативен карактер овозможувајќи применливост на зацртаните активности во насока на развој на спортскиот туризам. Прегледот на потенцијалите и сместувачките капацитети поврзани со спортскиот туризам по региони претставува добра основа за согледување на можностите за искористување на овие потенцијали за активен туризам во делот на спортски активности и манифестации.

Во **Програмата за развој на Североисточниот плански регион (СИПР) 2015-2019** туризмот е идентификуван како реална потреба на регионот, со оглед на многу малото скоро незабележително учество во вкупниот туристички промет на РС Македонија кое изнесува помалку од 1%. Во таа насока постигнувањето на одржлив рурален развој преку развој на конкурентна туристичка понуда е поставено како една од среднорочните цели на оваа програма преку утврдени приоритети: развој на алтернативни видови туризам е меѓу приоритетите за ревитализација на руралните средини и создавање услови за подобар развој на регионот, валоризација и мапирање на природното и културното наследство, формирање и промовирање на регионални туристички производи , подобрување на туристичката инфраструктура, обезбедување на инфраструктура до туристичките локалитети, подобрување на сигнализација и визуализација на туристички атракции, зајакнување на човечките ресурси во туризмот и зајакнување на капацитетите за развој на туризмот. Во овој контекст развојот на активниот туризам како и ловниот, планинскиот , културниот и руралниот туризам ќе овозможат привлекување на туристи кои ќе се запознаат со природните и културните богатства на регионот. Креирањето на регионални туристички производи како предлог мерка на оваа програма дава можности за избор и приоритетизирање на соодветни природни ресурси од регионот за вклучување во алтернативни видови туризам меѓу кои и активниот.

Имајќи во предвид дека Потстратегијата за активен туризам опфаќа анализи и препораки за развој и унапредување на овој вид туризам на регионално ниво, во процесот на нејзината изработка опфатени се соодветни регионални стратешки документи. Ова произлегува и од фактот што горенаведените стратешки документи само парцијално ја обработуваат проблематиката на развојот на активниот туризам, а не постојат конкретни заложби, цели, приоритети, преземања, активности и задачи кои се однесуваат на организација, имплементација и содржајно унапредување на развојот на активниот туризам во национални рамки. Од тоа произлегува и значењето на оваа Потстратегија за активен туризам во кој детално ќе се утврдат постојните услови и состојби, како и дефинирање и приоритетизација на потенцијалите за развој на активниот

туризам, не само на национално ниво, туку и на регионално и локално ниво. Во таа смисла постојните Регистри за потенцијалите за развој на рурален туризам во планските региони се земени во предвид бидејќи во овие документи се опфатени и природните вредности и потенцијали кои се присутни во секој од регионите за развој на туризмот. Регистрите претставуваат значајна основа за изведувањето на инвентаризацијата и валоризацијата, а со тоа и приоритетизацијата на природните ресурси и атракции во функција на изработка на оваа Потстратегија. Резултатите од истражувањата во Регистрите одат во прилог на определувањето на инвентаризациска рамка за изработка на Потстратегијата за активен туризам. Според критериумите за изработка на Потстратегијата за активен туризам, треба да се изврши и анализа на стратешките документи на регионално ниво. Во таа функција се постојните планови и програми за развој на планските региони, како и стратегиите и програмите за развој на туризмот на регионално ниво.

Во **Студијата за оптимално користење на природното богатство на СИПР во туристички цели** преку валоризација на природните вредности прикажани се можностите за разновидни содржини во функција на развој на активен туризам во регионот како што се рекреативно планинарење, алпинизам, спелеолошки посети, планински велосипедизам, џип-сафари по бројните планински патишта, параглајдинг, и престојувачки зимско-спортски туризам.

Меѓу планските документи кои покомплексно ги истражуваат можностите за развој на активниот туризам е **Стратегијата за развој на туризмот во Источниот плански регион (ИСПР) (2016-2025)**според која подрачјето на овој регион има одлични услови за развој на следниве содржини за активен туризам: трекинг, зимско-спортски, џип сафари, оф-роуд, мото-активности, планински велосипедизам, активности на вода,параглајдинг, адреналински паркови, зип линии и алпинизам. Со оглед на присуството на различни природни содржини: планини, клисури, кањонски делови, водопади, густи шумски области, видиковци и сл., според мерењата и анализите, на подрачјето на ИСПР има можности за развој на активен туризам со разновидни содржини.

**Во Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (ЈИПР) 2015-2019 година** анализата на туристичката понуда на регионот и состојбите во туризмот покажува дека во регионот е присутна солидна туристичка понуда што претставува значајна основа за развој на активниот туризам. Исто така во оваа програма е евидентирана постојната понуда за активен туризам преку: рекреативна патека Дојран – Паљурци, рекреативна патека на езерското крајбрежје - Дојран; Патека на железната завеса; како и 25 пешачки,велосипедски и планински патеки во Струмичкиот микро регион. Според програмата одржливиот развој на туризмот е идентификуван како стратешка цел со развој на туристички атракции, услуги и капацитети како една од мерките за развој на туристичка

инфраструктура која е дефинирана како приоритет 2.2: Интегрирање на туристичката понуда и промоција на туристичката дестинација.

Во **Студијата за идентификација на стратешки локации за организирање на информативни пунктови долж коридорот 10 и магистралниот правец м-5 во Вардарскиот плански регион (ВАПР)** чија цел е валоризација на неговите природни, културни и останати вредности за создавање на потенцијали за туристичка понуда за странските и домашните туристи и корисници на патната инфраструктура на регионот, идентификувани се и потенцијали за развој на активниот туризам. Всушност преку оваа студија развојот на транзитниот туризам, преку привлекување на транзитните туристи и нивно мотивирање за застанување и престој во регионот, ќе влијае врз развојот на активниот туризам како алтернативен туризам во Вардарскиот плански регион. Според оваа студија, врз основа на анализата на природните карактеристики на регионот, подрачјето на Јакупица располага со потенцијали за развој на туристичко-рекреативни активности кои можат да се одвиваат четири зони и тоа: Патишка Река како зимски центар, Горно Јаболчиште Китка - Караџица и Чеплес како рекреативни центри.

**Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион (ПЕПР) (2015-2019)** ги опфаќа потенцијалите за развој на туризмот а во тој контекст и активниот туризам меѓу кои посебно се издвоени националните паркови, бројните споменици на природата од кои се издвојуваат Преспанското езеро, Маркови кули, неколку природни резервати, планините и пештери. Анализата во програмата за Пелагонискиот плански регион покажува дека постои богата и разновидна туристички понуда за разновидни културни, спортско-рекреативни и манифестациски содржини како основа за развој на различни видови туризам како што се културен, планински, рурален, манифестациски, спортско-рекреативен, ловен, а со посебна улога и значење е идентификуван авантуристичкиот туризам. Според програмата Трескавец и Крушево се идентификувани како места за полетување и слетување на параглајдери. За оваа цел веќе е развиена инфраструктура за креирање на конкурентна понуда од овој вид на туризам: обележани планински патеки на Баба Планина и Бушева планина, изградена регионална мото-крос стаза, изградени места за полетување и слетување на параглајдери (Трескавец и Крушево), дадена финансиска поддршка на понудувачи на туристички услуги во регионот за достигнување на законските стандарди за категоризација со што се создадени почетни услови за развој на активен туризам.

**Програмата за развој на Југозападниот плански регион (ЈЗПР) 2015-2019** претставува стратешки документ на планскиот регион, кој е значаен за развојот на туризмот и во таа смисла на активниот туризам. Во рамките на овој документ се препознава улогата на туризмот во севкупниот општествено економски развој. Всушност, „Развојот на туризмот поврзан со природното (и културното) наследство“ е една од четирите дефинирани среднорочни цели на овој регион. Како приоритет за постигнување

на оваа цел е предвиден Развој на инфраструктурата и подобрување на уреденоста на природните (и културните атракции) во функција на туризмот. Со оглед дека регионот располага со погодни ресурси за развој на планинско-туристички активности „ Потребно е маркирање и трасирање на патеките како за пешачење, така и за планински велосипедизам. Странската туристичка клиентела бара стандардизирани и квалитетни патеки за вакви активности“.Овие активности поврзани се со мерка 3.1.2.Изработка на планинарски патеки и нивно вмрежување со останатите региони. Визијата на овој стратешки документ го идентификува значењето на природното наследство за развој на туризмот: *„Југозападниот плански регион е социо-економски и инфраструктурно развиен, со одржливо управување со природните ресурси, почитување на мултикултурните различности, сочувана животна средина и препознатливо културното наследство*.“

**Програмата за развој на Полошкиот плански регион 2015-2019** претставува значаен стратешки документ на регионално ниво во **Полошкиот плански регион (ПОПР)** како и во другите плански региони. Програмата придава релативно големо значење на развојот на туризмот во планскиот регион, а со тоа и на развојот на активниот туризам. Во таа смисла една од предвидените среднорочни цели која треба да се оствари според оваа Програма претставува: „Одржлив развој на спортско-рекреативните центри во регионот преку валоризација на природните и културните вредности“ со што се ставаат природните вредности и спортско-рекреативните центри во функција на развојот на туризмот. Во Визијата на оваа програма се идентификувани потенцијалите за развојот на туризмот според која ПОПР се гледа како *„Регион со развиена инфраструктура и создадени партнерски односи за брз одржлив урбан и рурален развој со модерни туристички капацитети, каде се негуваат мултикултурните вредности и оптимално се искористуваат природните богатства на/и Шар Планина*.“ Исто така се препознава потребата од развој на инфраструктура и угостителско-сместувачките капаците кои треба да резултираат пред се со реконструкција на жичарницата Тетово-Шар Планина и спортскиот центар Попова Шапка, трасирање систем на патеки, регион за спорт и рекреација како значајни капацитети за спортско-рекреативен активен туризам. проблемот со заштитата на културното (и природното) наследство во рамките на планскиот регион. Посебно значајна е индикативната активност на креирање на нови туристички производи и програми.

Скопскиот плански регион (СКПР) во својата **Програма за развој на Скопскиот плански регион (2015-2019)** туризмот го препознава како една од шесте стратешки области кои треба да се развиваат, а тие се: Транспорт и инфраструктура, Земјоделие и рурален развој, Економија и инвестиции, Животна средина, Туризам и Култура и Образование и Социјална политика. Во Визијата на оваа програма се идентификувани потенцијалите за развојот на туризмот според која СКПР се гледа како*„конкурентен*

*регион во ЈИЕ со препознатлив потенцијал за инвестиции и развој во функција на подигање на стандардот и квалитетот на живот на граѓаните и искористување и заштита на природното и културно наследство рамномерно во регионот."*Со оглед на индикаторите на посетеност и реализирани приходи СКПР е на второ место после ЈЗПР за што во ова програма како среднорочна цел е поставена целта да се обезбеди одржливо користење на природното (и културното) наследство во функција на туризмот со следниве дефинирани приоритети: зајакнување на капацитетите и партнерствата во функција на искористување на природното (и културното) наследство со цел развој на туризмот, подобрување на туристичката инфраструктура и дизајнирање на препознатлива регионална туристичка понуда.

Како што може да се утврди од горенаведената анализа на стратешките документи на национално и на регионално ниво, природното наследство, има значајно место во стратешките заложби за развој на планските региони. Меѓутоа, само во одредени плански региони постојат посебни преземања за креирање на конкретни туристички понуди, за содржини за активен туризам. Со тоа се поставува реалната потреба за креирање на посебен документ од стратешко – плански карактер за креирање на приоритетни вредности кои ќе ја имаат основната улога во новокреирани активни туристички содржини, како и идентификување на комплементарни вредности кои може да се вклучат во туристичките понуди на останати селективни видови туризам. Со тоа значително ќе се подобри содржината на престојот на туристите, како и ќе се зголеми и нивото на квалитет на понудените услуги, производи и активности.

### *5.2.3 Преглед на потенцијалите за активен туризам во РС Македонија*

Прегледот на потенцијалите за активен туризам опфаќа анализа на сите карактеристики поврзани со природните и културните ресурси, сместувачките и спортско-рекреативните капацитети изразени преку нивните параметри кои се од константен и динамичен карактер. Тој се однесува на просторните показатели, туристичките потенцијали како ресурска основа, обемот, структурата и динамиката на угостителско-туристичките капацитети, спортско-рекреативните капацитети и туристичкиот промет.

Планските региони располагаат со разновидни потенцијали за развој на активниот туризам во контекст на севкупниот туристички развој. Нивните потенцијали се во непосредна врска со ресурсите со кои располагаат. Регионалниот пристап во анализата, класификацијата и валоризацијата на ресурсите и потенцијалите на 8-те плански региони е направена во функција на идентификување на потенцијалите кои всушност претставуваат фактори за развој на активен туризам како основа за изработка на оваа Потстратегија. Поради тоа прегледот на потенцијалите за активен туризам е од посебно значење не само за развојот на овој вид туризам туку и за вкупниот социо-економски

развој во наредниот период. Во овој контекст, развојот на активниот туризам треба да се разгледува од два аспекти. Прво, тој треба да биде основа за витализација на сите средини кои располагаат со потенцијали а кои не се искористени во оваа смисла, и второ да се прифати како комплементарност во туристичкиот развој во средини со други видови туризам со што ќе придонеси кон збогатена содржина на туристичката понуда. Потребата за изработка на Потстратегијата својата основа ја наоѓа во активностите кои веќе се преземени во насока на развој на активниот туризам како поединечни иницијативи на ниво на државата, и кои покажуваат дека диверзифицираната понуда со развивање на активниот туризам веќе покажува позитивни резултати како што се примерите од Пелагонискиот и Југозападниот плански регион. Анализата на состојбите и можностите за развој на активниот туризам во планските региони ќе овозможи да се препознаат и искористат ресурсите како туристички потенцијали во туристичката понуда за активен туризам и создавање на туристички производи во оваа смисла. Затоа, истражувањето има за цел не само да ги евидентира потенцијалите, туку и да ја осознае функционалноста на активниот туризам како составен дел туристичкиот развој на регионите. Во оваа смисла во методолошкиот пристап во прегледот на потенцијалите се примени ФАС методологијата која подразбира пред се регистрирање на појави и процеси кои претставуваат фактори, атрактори и поддршка. Оваа методологија овозможи проценка на туристичките содржини како фактори и атрактори. Тие ни овозможуваат согледување на регионите како дестинации кои се сфаќаат како комплекс од интеракција на потсистеми во овие три области. Добиените резултати од оценувањето на просторот на локалните средини и туристичките потенцијали овозможува идно планско користење на просторот за туристички развој. Тие се основа за идно надградување и ажурирање како процесни категории.

### *5.2.4 Состојба и можности за развој на активен туризам по региони*

Слично како другите сектори на македонската економија, туризмот се соочува со тековните промени поврзани главно со економски и социјални промени во земјата и регионите. Ваквите промени имаат потреба од постојано прилагодување кон современите трендови и промени на меѓународно ниво, но и во конкурентните дестинации на земјата од регионот. Имајќи го предвид присуството на соседните земји со излез на море (Бугарија, Албанија и Грција), потребно е да се разгледаат активности за зголемување на конкурентноста на земјата во регионот.

Тековниот развој на туризмот се должи на несоодветна рамнотежа помеѓу постојните туристички потенцијали и ефектите од развојот. Постоењето на вакви потенцијали може да даде позитивни резултати, како на национално така и на

регионално ниво. Во овој поглед, Националната стратегија за одржлив развој и Стратегијата за регионален развој како стратешки документи посветуваат особено внимание на регионалното ниво во планирањето на туризмот, и во согласност со постулатите за одржлив развој.

Утврдувањето на состојбата и можностите за развој на активен туризам преку идентификување на туристичките потенцијали не е лесна задача, како на национално, така и на регионално или локално ниво. Бара активно учество на засегнатите страни од сите сектори директно или индиректно вклучени и поврзани со туризмот. Затоа, анализата на моменталната состојба за можностите за активен туризам по региони се спроведува со цел да се основа за идните истражувачки и развојни активности.

Во рамките на Стратегијата за регионален развој, постојат идентификувани региони со потенцијали за развој на туризмот според присуството на различни природни и културни атракции. Но, сегашната состојба укажува на недостаток на идентификувани видови туризам како приоритети за туристичкиот развој на регионите. Приоритетите треба да бидат основа за создавање на конкурентна туристичка понуда и да овозможат регионално поврзување и создавање на конкурентни региони. Во рамките на ситуационата анализа, спроведена е регионална анализа и проценка на потенцијалите за активен туризам во осумте плански региони.

**Североисточниот плански регион (СИПР)** се протега на површина од 2.310 $km^2$, чија територија изнесува 9,3% од територијата на РС Македонија. Регионот во меѓународни рамки се граничи со Бугарија, Србија и Косово со што контактибилноста е преку Ќустендилскиот округ со Бугарија, Пчињскиот округ со Србија и Гњилански округ со Косово. Во национални рамки овој регион се граничи со Скопскиот и Источниот плански регион кои со присуството на хетерогени содржини во нивните простори отвораат можности за креирање на збогатена туристичка понуда во функција на развој на активен туризам. Просторно-географската положба на СИПР претставува можност за комбинација на туристичките вредности кои ги поседува овој регион со вредности кои ги нема а се наоѓаат во соседните држави или плански региони при што комбинацијата на сопствените вредности со вредностите во другите региони ќе ја збогати туристичката понуда. Ваквата разновидност може посебно да дојде до израз преку зголемена туристичка посетеност како резултат на поволната транзитна положба на СИПР како резултат на протегањето на меѓународните коридори 10–Е75(Табановце-Гевгелија) и 8-871(Куманово Деве Баир). Всушност положбата на овој регион е на крстосницата на главните сообраќајни артерии на РС Македонија со што се отвораат можности за надоврзување на срединитe кои располагаат со потенцијали за активен туризам на транзитната туристичка понуда. Присуството на транзитно-туристички локалитети кои се наоѓаат на главните патни правци овозможува обезбедување подобри услуги на активните туристи во комбинација со транзитноста.

Од планините кои како геоморфолошки вредности се присутни во овој регион се Осоговските Планини, Скопска Црна Гора, Козјак, Герман и Билино. Најповолни услови за скијачки туристички активности постојат на Осоговските Планини, поточно околу Царев Врв,односно кај Калин Камен. Поволните просторни услови и поволните услови за скијачки активности се основа за комбинирани содржини на престој во овие простори и окружувањето. На планините постојат можности за рекреативно планинарење, алпинизам, набљудување, фотографирање, и во високите делови Можностите треба да се искористат за креирање на понуди со содржини за активен туризам. Најпогодни услови за вакви активности има на врвовите: Руен – 2252 м (Осоговски Планини), Перен – 1326 м (Козјак), Модра Глава – 1390 м (Герман) и Стража - 1547 м (Билино).

Во СИПР посебно се истакнува Бислимската Клисура која е всечена во варовнички карпи и е со јурска старост. Нејзините стрмни страни кои на определени места речиси се вертикални наликува на кањон. Во оваа клисура се наоѓаат десетина пештери и пропасти, долги до 90 м со што овој простор располага со големи потенцијали за искачување, или алпинизам, спортски, рекреативни и едукативни посети во активниот туризам. Во регионот има и клисури на Злетовска (долга 10 км, длабока 300-400 м) и на Липковска со Гошинска Река.

Спелеолошкиот туризам може да се одвива со посети на најдолгата пештера Студен Пештер (90 м) и најдлабока пропаст Маркова Куќа, длабока околу 40 м. Со својот пештерски накит, најинтересна е Лишков Пештер, во јужниот дел на клисурата (2 км спротиводно од с. Пчиња).Покрај пештерите и пропастите, овде релјефот е многу интересен, со бројни шкрапи, вртачи, суводолици, раседи и сл. Ваквите релјефни форми овозможуваат алпинизам, спелеолошки посети, рекреативно планинарење, едукативни активности.

Вулканските форми се посебно застапени. Куклица, Цоцев Камен(с. Шопско Рударе), Кокино,Костоперска Карпа или Жеглиговски Камен претставуваат вулкански форми кои со својата импозантност имаат можности за едукативни активности, искачување и спуштање по карпи (студија за оптимално користење на природното богатство на СИПР во туристички цели).

Во регионот се застапени извори на термоминерална вода и минерални извори. Термоминерални води имаат Стрновац (40°C штедрост 35л/сек) и Вруќа Вода – с. Тополовиќ, Кратовско(48°C штедрост 12 л/сек), минерални изворот Визијана кај с. Клечковце (богата со магнезиум) и Липково кај с. Шупли Камен.

Богатата речна мрежа е претставена со следниве реки: Злетовска, Липовска, Гошинска, Кумановска, Пчиња, Крива, Табановачка, Стоечка, Моштеничка, Тораничка, Дубровничка, Матејчка, Отљанска, Слупчанска Река, Лојанска, Серава, Дурачка и Бистрица. Тие се основа за определени спортови на вода, пријатен престој и излети.

Во овој контекст се и следниве езера: 2 мали козјачки езера (природни езера длабоки до 1 м) кај манастир Карпино, Липковско Езеро, Езеро Глажња, Кнежевско Езеро, Акумулација Безјачко Брдо Езеро Калин Камен (Кр. Паланка) како хидрографски систем Злетовица, микроакумулација на Гулинска Река, с. Отошница и микроакумулации кај с. Гиновце (рибник). Можностите за рекреативни и излетнички активности, пешачки активности по нивните брегови, излети и пикници и риболовни активности се дел од активностите на овие реки.

Водопадите се исто така дел од туристичката атрактивност на активниот туризам. Во регионот се наоѓаат следниве водопади: Станечки водопад на Козја река (висок 12м), Јамишки водопад на Злетовска река (висок 8 м), Слапови и водопади на Радибушка река( висина 5-6 м), 7 водопади на Кратовска река (висина 2-6 м), 4 водопади на Бабакарина река (висина 14 м) и Водопад Длабочица (на река Бистрица, висок 6 м)кај Старо Нагоричане.

Развојот на активниот туризам основа наоѓа и во бањскиот туризам. Кумановска Бања во с. Проевци (температура на водата28°C – 31°C) е забележителен потенцијал.

Регионот е под шума на површина на 21,34%. Во регионот се води грижа за пошумување така што е предвидено да се до 2020 г пошуми 11.800 ha.

Регионот е познат по развиената ловна структура. Во него има вкупно 27 ловишта во регионот, 20 се за ситен, а 7 за крупен дивеч. Крупен дивеч се лови во следниве ловишта: „Герман“ – Ранковци, „Борово“ – Кр. Паланка, „Луке“ – Кр. Паланка, „Руен“– Кр. Паланка, „Стрима“ – Липково, „Думановце“ – Липково, Козјак“ – Куманово и Старо Нагоричане, „Длабочица“ - Старо Нагоричане, „Цветишница“ - Старо Нагоричане и „Трново“ - Крива Паланка.

Риболовните активности се одвиваат во 4 риболовни ревири (Куманово, Кр. Паланка, Кратово, Старо Нагоричане.

За јавање на коњи во регионот потенцијалот треба да се бара во 2 330 коњи кои се одгледуваат.

Активниот туризам атрактивности наоѓа во следниве заштитени природни локалитети се: Плоче-литотегми (строг природен резерват), Базалтни плочи-Мл. Нагоричане (споменик на природата), Куклица (камени кукли, вулкански форми како плод на селективна ерозија), Бор-Кратово(споменик на природата), Карши бавчи (споменик на природата) и Даб-Орашац (споменик на природата). Нивната посета е со екопредзнак во рамките на активниот туризам.

Во регионот познати спортски настани се: Државно првенство на Мотокрос - Ст. Нагоричане, Џип рели (Крива Паланка) и Златни денови (Кратово). Тие се исто така значајни за развој на активниот туризам.

**Источниот плански регион (ИСПР)** според опфатот на површината (3537 км$^2$) се протега на околу 13,7 % од територијата на РС Македонија (Стратегија за развоја на

туризмот во ИСПР, 2016 – 2024). Овој регион има изразени рурално-планински карактеристики кои претставуваат значајни потенцијали за развој на активен туризам. Неговата меѓународна поврзаност со Бугарија овозможува контактибилност со Благоевградскиот округ што претставува добра основа за развој на прекугранична соработка пред се како форма на проектна соработка, и креирање на прекугранични туристички содржини за активен туризам. Контактибилноста на ИСПР со Североисточниот, Југоисточниот и Вардарскиот регион, од друга страна отвора можности за искористување на туристичките вредности кои се наоѓаат во овие регионални целини за иницирање на активности, проекти и отворање можности за инвестирање во уреденост и опременост на простори и објекти кои ќе се во функција на развој на активниот туризам во ова пошироко подрачје на територијата на РС Македонија

Сложената релјефна конфигурација на просторот на ИСПР со повеќе планини, котлини, речни долини, клисури, кањони, пештери, вулкански форми и разновидноста со атрактивности претставуваат значајна основа да се вклучат на различни начини во понудата за активен туризам на овој простор. Тука треба да се истакнат следниве планини: Влаина, Голак, Малешевските Планини, Осоговските Планини и Плачковица. Осоговските Планини имаат најповолни услови за скијачки – туристички активности и тоа околу Царев Врв, односно кај Калин Камен. Најповолни услови за скијачки – туристички активности постојат на Осоговските Планини, а исто така имаат одлични услови за пешачење, трекинг, планинарење и искачување на врвови, планински велосипедизам, параглајдинг и други содржини за активен туризам. Планинските врвови кои се истакнуваат со изразени височини над 1500м (Царев Врв – 2.085 m на Осоговски Планини, Лисец – 1.754 m на Плачковица, Кадиица – 1.932 m на Влаина, Џами Тепе – 1.803m на Малешевски Планини, Чавка – 1.536 m на Голак) располагаат со потенцијал за планинарење, snowboarding, Freestyle-skiing, поставување на видиковци, фотографирање, панорамско набљудување и друго. спектар на туристички активности кои се одвиваат на планина. Ако се има предвид дека 56% од површината на ИСПР припаѓа на планински простор и дека има дури 9 планини од кои една повисока од 2000 m, очигледно е значењето на планинските простори за активен туризам во овој регион. Изразената живописност со која се одликуваат Истибањско – Очипалската Клисура, Клисурите на Злетоска и Зрновска Река, и кањонот Камник се погодни за излети, активности во природа (кампување, искачување по карпи, набљудување на птици) и едукативни содржини.

Осоговските Планини имаат најповолни услови за скијачки – туристички активности и тоа околу Царев Врв, односно кај Калин Камен. Најповолни услови за скијачки – туристички активности постојат на Осоговските Планини. Тие исто така имаат одлични услови за пешачење, трекинг, планинарење и искачување на врвови, планински велосипедизам, параглајдинг и други содржини за активен туризам. Планинските врвови кои се

истакнуваат со изразени височини над 1500м (Царев Врв – 2.085 m на Осоговски Планини, Лисец – 1.754 m на Плачковица, Кадиица – 1.932 m на Влаина, Џами Тепе – 1.803m на Малешевски Планини, Чавка – 1.536 m на Голак) располагаат со потенцијал за планинарење, snowboarding, Freestyle-skiing, поставување на видиковци, фотографирање, панорамско набљудување и друго. Тоа е спектар на туристички активности кои се одвиваат на планина. Ако се има предвид дека 56% од површината на ИСПР припаѓа на планински простор и дека има дури 9 планини од кои една повисока од 2000 m, очигледно е значењето на планинските простори за активен туризам во овој регион. Изразената живописност со која се одликуваат Истибањско – Очипалската Клисура, Клисурите на Злетоска и Зрновска Река, и кањонот Камник се погодни за излети, активности во природа (кампување, искачување по карпи, набљудување на птици) и едукативни содржини.

Туртелски пештери, Голема Пештера ,Ќуп, Ајдучка Дупка, Туртел и Понор, потоа делчевските Киселичка Пештера и Коњска Дупка , како и антропоморфните лесновски пештери се можност за спелеолошки активности. Најдолги и најатрактивни за посета се Туртелските пештери. Потребно е тие да се уредат и контролирано да се посетуваат.

Регионот е карактеристичен по присуството на палеовулкански релјеф кој се наоѓа меѓу Пробиштип, Злетово и Кочани. Тоа се :Лесновска калдера, Вулканска купа Плавица, Рајчанска купа и калдера и Буковик. Најатрактивна е вулканската купа и калдера Лесново,

Овој вулкански регион ги има сите потенцијали да прерасне во гео-парк. На тој начин просторот би бил основа за пријатни обиколки, едукативни и научно-истражувачки активности во природа.

Во регионот има извори. Тие се обични, минерални и термоминерални.

Некои извори како оние на Брегалница, Дворишка Река, Каменичка Река, како и бројни други извори и чешми, посебно на планините имаат питка и студена вода и претставуваат значаен ресурс за посета во рамките на планинарењето, организирањето излети и логорувања.

Кежовица или Чешиновска Бања според својствата на водата е одлична за бањско искористување и развој на бањскиот туризам . Нејзината реконструкција и ревитализација е во функција не само на бањски услуги и пливање, туку и за рекреативни и спортски активности во нејзиното опкружување.

Во регионот реката Брегалница е основна хидрографска артерија. Притоки на оваа река се: Злетовска Река, Зрновска Река, Кочанска Река, Оризарска Река, Каменичка Река, Желевица, Крива Лакавица и Градечка Река, а Дворишка Река е притока на Струма. Со оглед дека во долните теченија се со нестабилен водостој нивната атрактивност за активен туризам е во горните текови. Овде чистата вода и теченијата во тесни долини, со брзаци и водопади и претставуваат одличен природни атрактивности во активниот туризам.

Водопадите како: Пехчевските на Брегалница, Спиковскиот, Црнодолскиот, Љутачкиот, Скокотот,Ж'тачкиот, Џуџевскиот на Џуџевска Река, Јамишкиот и Емиричкиот на Злетовска Река Водопадите на Зрновска Река кај Девичи вир, Суљов вир и Водопадот на Оризарска Река претставуваат ретко богатство за развој на активниот туризам, не само поради нивната бројна застапеност, туку и поради можноста за разгледување и искачување по пресеченото корито и отсеците на страните на коритото.

Регионот е богат со езера. Вештачките езера Калиманско, Беровско Езеро, и Градче се погодни за спортски риболов, веслачки спортови, забавни игри на вода и на неговите брегови и општествени игри, езеро Лошана и Сандански во делчевско се погодни за прошетки и пикници.

Природните езера таканаречени Мали езера на Ченгино Кале и Кундинското Езеро кое постанало со вулканско денудациони процеси се погодни и за едукативно-рекреативни активности.

Еко-туризмот кој е во тесна врска со своја основа наоѓа во заштитените просторни целини и објекти. Тие се класификувани на следниов начин:

- Природни резервати:Готен (Делчево), Линак (Берово), Малеш (Берово), Беровско Езеро (Берово), Зрновска Река (Зрновци), Јудови Ливади (Пехчево), Река Ломија (Зрновци), Темниот Андак (Берово), Кукуљето (Делчево и Долна Злетовица.

-Споменици на природата, Ѕвегор (Делчево), Пештера Коњска Дупка (Делчево), Мородвис (Зрновци),Мачево(Берово), Даб (Кочани), Мурите (Берово), Црна Дудинка (Пробиштип), Мочарник (Штип) и Црна Топола (Берово).

Шумската вегетација е изразена преку нејзината разновидност и застапеност. Широко се распространети листопадни шуми како дабот и буката, зимзелени шуми како борот, елата, смреката и смрчата. Тоа е одлична можност за движење низ шумски колорит.

Во сточниот фонд има 1.411 коњи. Така е определена јавањето во рамките на овој вид туризам.

Ловниот туризам има изразити рекреативни својства во ИСПР. Во него има вкупно 40 ловишта, меѓу кои најзначајни се оградени ловишта Полаки и Конче и Голак, Осогово, Малешево, Облешево и Манговица.

Во ИСПР има 5 риболовни ревии. Тоа е важен фактор во развојот на активниот туризам, бидејќи овозможува да се учествува во рекреативните, спортските и гастрономските настани.

Регионот е карактеристичен по бројните спортски настани: Регистарот на ИСПР ги бележи следниве: Тодорови трки, Виница(автентични спортски обичаи), Џип Рели, Плачковица, Пролетен крос, Кочани, Регионални спортски натпревари, Пехчево, Избор на најуспешен спортист, Кочани, Велосипедско дефиле по повод Европската недела на мобилност, Кочани, Трка за мир, Кочани, Ден без автомобили, Кочани, Петровденски

турнир во мал фудбал, Кочани, XVI регионални пензионерски спортски игри, Македонска Каменица, Олимписки ден, Берово, Недела на спортот и културата, Пробиштип, Илинденски спортски игри (во голем фудбал) во с. Чешиново, Чешиново – Облешево, Марш од с. Русиново до Петлец, Берово, Спортот и семејните вредности, Пехчево, Спортско лето, спортот за сите, Зрновци и Ревијален тениски турнир меѓу основците и средношколците, Делчево. Тоа е извонредна можност за активно учество и следење на настаните.

**Пелагонискиот плански регион (ПЕПР)** претставува регион во кој има воочливи потенцијали за развој на туризмот, а во тој контекст и активниот туризам. Овој регион е најголемиот во РС Македонија. Зафаќа вкупна површина од 4.717 км$^2$,односно 18,3% од вкупната територијата на државата.

Контактноста на ПЕПР со Грција и Албанија претставува добра основа за развој на прекугранична соработка пред се како форма на проектна соработка, и креирање на прекугранични туристички содржини за активен туризам. Всушност во тек е проектот финансиран од ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Грција и РС Македонија, кој го води Центарот за развој на ПЕПР за креирање на 3(три) прекугранични туристички производи со содржини за активен туризам. Една од турите е со целосно опфатени содржини за активен туризам. Од друга страна, контактноста со Југозападниот плански регион и Вардарскиот плански регион и присуството на хетерогени содржини во граничните плански региони претставува основа за збогатена понуда во функција на развој на активен туризам и меѓусебно унапредување и отворање можности за инвестирање во уреденост и опременост на простори и објекти кои ќе се во функција на развој на активниот туризам во ова пошироко подрачје на територијата на РС Македонија.

Присуството на локалитети за транзитно туристички активности на меѓународниот коридор Е65 отвора можности за надоврзување на дестинациите во рамките на регионот на транзитната туристичка понуда и користење на Аеродромот Св. Апостол Павле, како комуникациски потенцијал и вклученост во туристичката понуда за активен туризам. Исто така треба да се искористат можностите на Преспанското Езеро за заедничка понуда за активен туризам со Албанија и Грција. На овој начин ќе дојде до израз поливалентноста на регионот како резултат на туристичко-географската положба што ја има кон овие две соседни држави која како можност треба да се искористи за комбинација на туристичките вредности од взаемен карактер.

Сложената релјефна конфигурација на просторот на ПЕПР има поволни услови за развој на понуда со содржини за активен туризам. Планините во овој регион (Баба, Галичица, Плаќенска Планина, Илинска Планина, Љубен, Бушева, Селечка Планина, Дрен, Даутица, Бабуна, Козјак, Ниџе) имаат поволни услови за скијачки активности, излетничко-рекреативни, спортски и комбинирани тури кои можат да се креираат како содржини за

активен туризам. Можностите за трасирање на скијачки патеки изразени преку денивелациониот капацитет за спортско-рекреативни активни зимски содржини во комбинација со можностите за лоцирање на видиковци и алпинизам претставуваат одличен потенцијал за овој вид туризам.

Скочивирската и Демирхисарската Клисура со своите куриозитетни карактеристики располагаат со можности за рекреативни, едукативни активности и искачување по карпи. Тие можат да бидат и тренинг центри за алпинизам.

Лескоечката Пештера во близина на село Лескоец-Преспа, на источните падини на планината Галичица, Пештерата Рамниште, во близина на селата Крстец и Ореовец (кај Плетвар), формирана во плиоцени седименти со длабочина од 22 м и вкупна должина на каналите од 115м имаат извонредни можности за спелеолошки активности кои во комбинација со едукативни содржини можат да се искористат за креирање на едукативно-активни туристички активности. Од хидрографските ресурси, како најзначаен потенцијал е Преспанското Езеро кое има услови за спортски активности на вода но понудата може да се збогати со капалишни и риболовни активности, спортови на вода и забавни содржини. Во регионот активниот туризам се врзува и за Големо и Мало езеро на Пелистер со глацијално потекло, вештачките езера Стрежево, Братин Дол, Ротино, Дедебалци, Прилепско, Гумење, природно-флувијална форма„Капејнца“ во Дихово на Мермерно Езеро - антропогено езеро во површинските рудници за мермер во близина на Плетвар.

Пелагонија спаѓа во групата на најбогати средини со обични и минерални извори. Такви се Изворот на минерална вода Меџитлија, Врутоците на Црна Река, Црна Дупка кај Железнец, Извори на Баба Планина, Извори во Гермијан (два се функционални), Суна во Рибарци, Извор во Кременица, Сребрена Вода во Егре и минерален извор во Бистрица.

Реките во ПЕПР се комбинирани карактеристики. Можат да се користат спортско-рекреативни активности и риболов, а нивните брегови се погодни за прошетки и излети. Тие се погодни за лоцирање на пикник места, места за одмор и рекреација, кампинг или другарување природа. Речната мрежа ја сочинуваат: Црна Река, најдолгата и главна река во Пелагонискиот регион. Шемница која од подножјето на врвот Пелистер преку Ѓавато се влева во Црна Река, Драгор река која тече низ градот Битола, Црвена Река, Бела Река, Елешка река, Брајчинска река и Сапунчица.

Брњички Водопад кај село Брњик со висина од 18м. претставува ретка појава во чистата и незагадена средина обезбедува услови за пријатен престој и организирање пикници и логорувања. Искачувањето по отсекот на коритото и неговите страни е ретко доживување за учесниците во активниот туризам.

Активниот туризам во ПЕПР е во врска со шумовитоста. Вкупна површина под шуми е 133.010ха или 28,23% од вкупната територија на регионот. Високата пошуменост е

одлична можност за излети и прошети, планинарски активности и спроведување на едукативно-рекреативни програми.

Ловот и риболовот се дел од овој вид туризам. Во овој регион се организиран лов се одвива во следниве ловишта по општини: Прилеп - Долнени, Тополчани, Кривогаштани и Витолиште; Битола - Бистрица, Новаци ,Бач ,Старавина ,Могила, Кукуречани, Цапари и Добрушево ; Демир Хисар и Сопотница ; Крушево и Житоше; Ресен. Риболовот се врши покрај на Преспанското Езеро и на реката Црна.

Спортските манифестации се во тесна врска со активниот туризам. Во регионот се организираат следниве разновидни настани: Традиционално борење во н.м Дебреште (општина Долнени), турнир на мал фудбал во Могила со традиција од 35 години, Турнир на мал фудбал во Кривогаштани, во Новаци турнир во мал фудбал за мали пионери по повод денот на независноста, Пелистерски Велеслалом, во Отешево триатлон како национален настан, Тур де Галичица како велосипедски спортски настан во Преспа, турнир во мал фудбал „Илинден"во Крушево, Параглајдерски и змајарски национални, интернационални, сериски, квалификациони, европски и светски натпревари и купови во Крушево, меѓународен „ФИС ролерски куп Тоше Проески" во Крушево и Кривогаштани, Меѓународен натпревар во ориентација во просторот – Крушево, Државно ридско првенство во велосипедизам, Нордиско скијање и биатлон – крос кантри скијање во Крушево и Велосипедски натпревари „Крушево низ Корија"

Имајќи ја во предвид расположливоста и потенцијалот на ресурсите за развој на активен туризам во ПЕПР, регистрирањето на туристичките вредности е од круцијална важност не само за развојот на активниот туризам туку и за вкупниот економски и социјален подем во наредниот период. Карактеристично за овој регион е што во однос на останатите региони може слободно да се каже дека е лидер во активниот туризам, особено преку параглајдинг, болдеринг и змајарските активности во Крушево и Прилеп. Улогата на овој туризам има значајна промотивна функција на регионот како туристичка дестинација, особено во меѓународен контекст и тоа во делот на одржување на манифестации од спортско натпреварувачки карактер, која е насочена кон посебен таргет на туристички пазар кој ги опфаќа активните туристи и спортисти. Од друга страна улогата на активниот туризам е во функција на комплементарност на туристичкиот развој со веќе дефинираните и афирмирани туристички производи.

**Полошкиот Плански Регион (ПОПР)**го зафаќа северозападниот дел на РС Македонија, простирајќи се во Полошката Котлина и долината на реката Радика. Регионот се простира на 9,7% од вкупната површина на државата.. Високите планински терени, специфичниот релјеф и климатските услови овозможуваат во овој регион да се лоцираат најпознатите зимски туристичко - рекреативни центри во државата со што имаат голем потенцијал за збогатување на туристичката понуда со содржини за активен туризам. Присуството на хетерогени содржини во овој регион надополнети со оние на Албанија и

Косово како меѓународни простори од една страна, а од друга страна граничните плански региони (Скопскиот и Југозападниот) ја потенцираат изразено поволната контактност на целокупниот простор. Ваквата просторна целина претставува основа за збогатена понуда во функција на развој на активен туризам. Присуството на Шар Планина,  Сува Гора, Жеден,  Буковиќ и  Бистра  овозможуваат услови за скијачки туристички активности кои посебно се поволни на  Шар планина и Бистра во Маврово. Најповолни услови за скијачки туристички активности постојат на Шар планина. Најповолни просторни услови се наоѓаат во Маврово. Транзитно-туристичката положбата на Полошкиот регион и присуството на локалитети за транзитно туристички активности на меѓународниот пат Е65 отвора можности за надоврзување на дестинациите во рамките на регионот, користење на Меѓународниот аеродром во Скопје како комуникациски потенцијал и вклученост во туристичката понуда за активен туризам. Исто така овие локалитети овозможуваат подобра интрарегионална комуникација. Присуството  на ски центарот Брезовица на Косовската страна од Шар Планина отвора можности за комбинација на туристичките вредности со Полошкиот регион  во креирање на содржини за активен туризам.

Условите за скијачки активности можат да се надополнат со други содржини за активен туризам. Со оглед на големата височина која на планинските врвови во овој регион достигнува до 2764 мнв на Голем Кораб постојат можности за алпинизам. Задржувањето на снежната покривка има претставува поволност за развој на зимско-спортски и рекреативни содржини.

Можности за едукативни активности и искачување на карпи има кај и Дервенската Клисура покрај реката Вардар која низ својата должина од 21,5 км е засечена  во варовници на Жеден од десната страна и Градиште и Долги Рид од левата страна на Вардар. Оваа клисура ги поврзува Полошката Котлина на северозапад и Скопската Котлина на југоисток. Покрај оваа клисура, Карпалак која е во непосредна близина на планината  Жеден, и Барич  во Националниот парк Маврово можат да се искористат за спортско-рекреативни содржини. Трите познати пештери од овој регион: Пештерска Убавица, Алилица и Калина Дупка располагаат со разновидни пештерски украси , меѓусебно поврзани канали, подземни водотеци и водопади (Убавица) кои имаат одлични можности за активни содржини поврзани со нивна посета, рекреативно планинарење, алпинизам и едукативни активности.

Од хидрографските потенцијали со кои располага Полошкиот регион карактеристична е речната мрежа. Реките Вардар, Пена и Радика се најпознати реки и реки со најголем туристички потенцијал, но значајни се и:Маздрача,  Бистрица, Ростушка Река,  Лакавичка Река,Боговинска Река,Карабунар, Палчиштска Река, Речица, Поројска, Вејачка, Непроштенска, Слатинска, Доброштска , Одранска Река , Беловишка и Љуботенска. Тие се погодни за риболов, прошетки по нивните брегови и спортови на вода. Можностите за рекреативни активности, едукативни посети и егзотични

доживувања поврзани со искачување и спуштање покрај водопадите се посебно забележителни кај Беловишките, Ѓеневичките, Дуф и Корабскиот водопад. Конфигурацијата на теренот и разновидноста на релјефот создаваат услови за рекреативни содржини, пешачки тури и креирање пешачки патеки. Од друга страна, високиот шумски појас во овој регион и значајната површина со пасишта можат да се искористат за креирање на содржини за активен туризам со едукативни, зимско спортски и рекреативни компоненти. Во контекст на користење на водопадите како основа на развојот на активниот туризам.

Мавровското езеро има доминантно место во развојот на активниот туризам. Тоа е по површина едно од најголемите во РСМ. На него и околу него се јавуваат можности за спортови на вода капење, риболовни активности, рекреативни содржини, пешачки и велосипедски тури и пикници и логорувања.

Глацијалните езера се погодни за разгледување фотографирање, и едукативни и истражувачки активности. Тие се во најголема мерка застапени на Шар Планина. Најпознати се: Караниколичко , Бело , Црно и Боговинско Езеро.

Регионот спаѓа во групата најшумовити простори во РСМ. Тоа овозможува пријатен престој и пешачење низ ваква вегетација. Таа е погодна за набљудување, креирање на шумски и адреналински паркови.

Ловот и ловачките специјалитети се темелат на организираноста во овој поглед. Во регионот се организирани следниве ловни реони и ловишта: Во ловниот реон Тетово има ловиште за крупен дивеч како Јеловљане, Лешница, Љуботен, Седларево и ловишта на ситен дивеч како што се ловишта за ситен дивеч во Милетино, Жеровјане, Групчин, Требош, Јанчиште и Орашје.

Во ловниот реон Гостивар ловишта за крупен дивеч се: Железна река, Симница, Јеловце и Маздрача, а на ситен Врапчиште и Балин Дол.

Активниот туризам во форма на риболов покрај на Мавровското Езеро е застапен на реката Вардар и на неговите притоки Равенска , Лакавичка, Река Мелца, како и притоките на Лакавичка Река: Симничка, Бигорска, Падалишка Река и Трновска Река.

Спортските манифестации се дел од активниот туризам во ПОПР. Во регионот се организираат следниве настани: Меѓународен турнир во параглајдерство, Шарпланински скијачки куп познат како Шара Куп, Бека куп во скијање, Собир на планинари на Први и Втори август во планинарскиот дом Љуботен и велосипедска Маврово тура.

**Југозападниот Плански Регион (ЈЗПР)** се простира на површина од 3.306 км $^2$ чија територија опфаќа 12,99% од територијата на РС Македонија (Центар за Развој на Југозападниот плански регион). Овој регион се карактеризира со неговата доминантна улога што ја има во туристичкиот развој на државата, учествувајќи со околу 47% во вкупниот туристички промет на РС Македонија. Контактната позиција во југозападниот дел на територијата на државата и границата со Албанија преку општините Охрид, Струга

и Дебар дава можности за искористување на потенцијалите на соседните простори во креирање на туристичка понуда со содржини за активен туризам. Од друга страна, контактноста на регионот со Пелагонискиот, Вардарскиот, Скопскиот и Полошкиот овозможува надополнување на туристичката понуда на овој регион со другите четири региони од државата со што има големи потенцијали за креирање на регионална туристичка понуда со разновидни содржини на активен туризам и дисперзија на туристичката понуда низ овој простор. Она што е посебно карактеристично за ЈЗПР е неговата многу поволна транзитна положба како во национална така и во меѓународна смисла. Низ овој регион поминуваат магистралниот пат Е-65 (со магистралите М5: Охрид-Ресен; М4: Охрид-Кичево-Скопје;) кој го поврзува со Пелагонискиот и Скопскиот Регион, Е-852 кој е кон Албанија, и регионалните патишта Р-1201, Р-1208, Р-1303, Р-1305, Р-1306, Р-2246.

Релјефните форми во ЈЗПР се посебно изразени преку нивната сложена конфигурација претставуваат значајни ресурси што можат да се вклучат во креирање на туристичката понуда за активен туризам. Разновидноста доаѓа до израз со застапеноста на планини, котлини, клисури, пештери, површински карстни форми и поствулкански форми. Во овој регион се наоѓаат над 20 планини меѓу кои на Галичица, Јабланица, Стогово, Крчин, огранците на Бистра во кичевската општина, Челојца, огранците на Даутица и Караџица во општината Македонски Брод, Плаќенска и Илинска Планина се одвиваат разновидни туристички активности. Врвовите на овие планини се алпинистички цели. Како недостаток е што во просторот на ЈЗПР не постои зимско-спортски центар со трасирани скијачки патеки. Центрите Вишни на Јабланица и Отешево на Галичица. Но, планинските страни, сртовите, пејзажите, многубројните површински и подземни карстни релјефни форми, растителниот свет, планинските пасишта, шумската вегетација, каменестите врвови, бачилата и површинските води се одличен потенцијал кој може да се искористи во креирање на различно спортско-рекреативни содржини за активен туризам. Петте котлини (Охридско-Струшка, Дебрца, Кичевска, Дебарска и Поречие) располагаат со можности за пешачки активности, велосипедизам, јавање на коњи и сл. Клисурите на р. Црн Дрим, на р. Радика, на р. Треска,Русјаци, Бродска Клисура, на Мала Река (Дебар), на Белешничка река, Човечка Клисура (кај Бошков мост) и на реката Дебрштица – Ехловечка Река се погодни за спортски, едукативно- рекреативни, пешачки и алпинистички активности.

Во регионот се наоѓа единствена поствулканска форма Дувало која е посебно атрактивна за посета во активниот туризам. Таа има и едукативни карактеристики.

Посебна карактеристика на ЈЗПР е што има присуство на голем број пештери кои се со маркантни димензии, посебни куриозитетни содржини на пештерските украси, јасно провидни кристали, пештерски езерца, подводни канали и пештерски жив свет за што постојат услови за активности поврзани со влегување во пештери и јами. Сепак она што е

посебно важно во овој контекст е постоењето на соодветни услови за безбедност на посетителите. Иако е голем бројот, не се сите туристички валоризирани и уредени за посетеност. Во овој контекст се истакнуваат : Вевчански извори (Вевчани), Калина дупка (Другово), Јаорец (Велмеј), Млечник (Ташмаруништа), Крапски Понор (Македонски Брод), Пешна (Македонски Брод), Самотска Дупка Охрид) и Слатински Извор Македонски Брод), Момичек (Самоков), Голубарник ( Самоков), Лапарник (Самоков) и пештерните цркви во Струшко и Охридско. Во регионот има и други помалку познати кои можат да бидат во функција на спелеолошкиот туризам и истражувачките активности.

Од хидрографските форми Охридското Езеро има доминантна улога во овој регион со веќе постојни содржини за активен туризам кои вклучуваат понуди за едрење, скијање на вода, нуркање и сурфање. Вакви активности можат да се реализираат и на Дебарското, Козјак и Глобочичкото езеро. Слатинското езеро во Дебрца е во процес на возобновување. Исто така, во овој регион има глацијални езера. Такви се Вевчанското,Подгоречко и Лабунишките езера на Јабланица, Горно, Долно езерото и Маруша на Стогово. Тие имаат изразено куриозитетни и егзотични карактеристики и можат да се искористат за рекреативни, пешачки и едукативни содржини. Со слични карактеристики е и Требенишкото езеро, затоа што е урвинско езеро. Овој вид туризам може да ги користи и мочуриштата како Студенчишко Блато и Студенчишко Блато.

Регионот обилува со извори погодни за излетишта, пиење чиста изворска вода и едукативни активности како настава во природа, екскурзии, пријатен престој и логорување. Најатрактивни се: Билјанини Извори, Св. Наум, извори кај Рамне (Охрид), Вевчански Извори, Изворишна челенга на реката Треска, извори Белица, извори Студенчица, извор на кисела вода Пополжани, извор на кисела вода Сланско, извор на солена вода Свињишта, извор на кисела вода Козица(Кичево) извори Велмеј (Дебрца), Извори Питран (Пласница), извори Пешница (Мак. Брод),извори сред село Корошишта (Главина) Извор Шум (Струга) и извор Фрлогоец над Осој (Дебар)

Реките Црн Дрим, Радика и Треска се најатрактивни во регионот. Но атрактивни се и реките : Гарска Река, Студенчица, Зајаска Река, Рабетинска Река, Беличко-брждanska Река, река Темница, р. Туинска, Девичка Река, Слатинска, Тополничка, Мала Река, Фуш, Беличка Река, Сланешница, Крапска, Белешничка, Оча, река Питран, река Модрач и Вевчанска Река (Матица).Искачувањето низ отсеците на водопадите, пријатниот престој и нивното разгледување и едукативно-рекреативните активности се врзуваат за следниве водопади: на Песочанска Река (Дебрца), на Стоговска Река(Броштица Центар Жупа), на р. Фрлогоец – Добреноец (Самовилски Водопади) и Русјачки Водопади (Мак. Брод).Југозападниот плански регион се карактеризира и со висок степен на шумовитост. Во таа смисла, вкупната површина под шуми изнесува 218.884 ха, што изнесува дури 65,53 % од територијата на регионот или 21,15% од вкупната шумска површина на републиката. Шумските предели се најчесто погодни за развој на хербалниот туризам

како составна содржинана активниот туризам . Богатството на флористички екосистеми е погодност за развој на еко-туризмот, едукативни и научно-истражувачки активности. Движењето на туристите низ шумските предели е посебно доживување.

Во функција на развој на активниот туризам се и заштитените подрачја. Тие имаат еко-туристичка димензија. Во регионот е Националниот парк Галичица22.750 ha, (6,88%)Повеќенаменско подрачје Јасен кое зафаќа површина од 31.127 ha (9,42%).Тој е предложен за прогласување на национален парк заедно со Јакупица.

Вредност на споменици на природата имаат: Вевчански Извори, Охридско Езеро, Слатински Извор, Дувал, Горна Слатинска Пештера и Белешничка Река

Регионот е познат по застапеноста на ловни површини и ловишта. Најзначајно со интернационална вредност е ловиштето Јасен. Во реонот Охрид се Караорман (14030 ха), Дебрца (11550 ха), Брежани (12620 ха), Завој (12550), Косел (8065), Мешеишта (3110 ха) и Белчишта (4167 ха). Во реонот Струга се:Белица Дримкол (15850 ха), Ржаново (15160 ха), Велешта (2700 ха) и Драслајца (8185 ха). Во реонот Дебар: Стогово (16406 ха), Дешат (3430 ха), Бомово (3430 ха) и Бањиште (2000 ха). Во Реонот Кичево: - Тајмиште (12400 ха), Добра Вода (11260 ха), Пространје (12850 ха), Душегубица (9950 ха), Кнежино (8710 ха, Букојчани (6780 ха) и Стрелци (9670 ха). Во реонот Македонски Брод: Грешница (10390 ха, Сушица (9540 ха), Ботуше (9670 ха), Требовље (8350 ха), Тажево (7680 ха), Даутица (15560 ха), Сланско (10520 ха), Вир (5600 ха) и Рамне (4350 ха).

Риболовот е исто така препознатлива форма на овој вид туризам. Риболовни центри во регионот се следниве: Дебар кој ги опфаќа реките Радика и Црн Дрим и Дебарското Езеро, Струга со дел од Охридското Езеро, Црн Дрим, Беличка Река, Јабланичка Река, Вевчанска Река и дел од Сатеска. Охрид на Охридското езеро и неговите притоки и Ресен на Преспанското Езеро. Во регионот се одржуваат домашни и меѓународни спортски манифестации кои се во функција на активниот туризам. Во Охрид се одржува Охридски пливачки маратон, Мал охридски маратон, Струшки ракометен турнир, Охридски маратон 30 км во атлетика, Државно првенство во фрлачки дисциплини, школски спортски игри, меморијален пингпонг-турнир Борче Кикиритков и Државни првенства во карате за сите категории.

Активниот туризам во регионот е препознатлив по развиената мрежа на велосипедски и пешачки патеки. Такви се:патека Св. Илија – Бањиште; Јабланица Модрич – Врв Стрмница – Село Јабланица ;Вевчански Извори – Црвен Кладенец –Јанков Камен – Вевчански Извор; Вевчани – Св. Спас – Вевчани; Село Подгорци – Подгоречко Езеро – Церн Камен – Вевчанска Локва – Вевчани- Подгорци; Вевчани – Вајтос – Св. Климент – Врв Писаник – Јанков Камен – Вевчански Извори;Вевчани – село Горна Белица – Чумин Врв – Три Шилка – Село Вишни;Горна Белица – Церн Камен – Горна Белица ; маркирана велосипедска патека Осој „Бабини заби“ - 10 км; „Рајска долина“ – вк. 36 км; пешачка патека „Бабини заби“ – 6 км; маркирана велосипедска патека „Јама“ Козица-Бошков Мост

– 38 км; планинарска патека (10 км) и велосипедска патека (28 км) – Извор – споменик Кочо Рацин ; терен за планински велосипедизам – крос кантри Извор – Иванчишта;терени за планинарење Манастирско Доленци, Јаорец, Малкоец, Попоец, Лопушник, Пополжани, Јудово, Цер, Кладник; планинарски патеки Карбуница, Јагол, на Бичинци, Прострање, Малкоец, Подвис, Ехлоец, горно Добреноец, Извор ;маркирани пешачки патеки - 7 км Кленоец; маркирани велосипедски патеки – 13 км Видрани; маркирана планинарска патека Прострање;

На Галичица познати патеки се:

Историска патека - Голем Град; Пешачко-рекреативната патека – патека на Франкофонијата(Студенчишта – Св. Петка – Студенчишта)- Кратки пешачки патеки: Велгошти – Руса Среда – Богородица; Велестово – Велестовски корита; Рача – Благоец; Свети Стефан – Шипокно; Долно Коњско – манастир Свети Стефан; Коњско – Света Петка; Елшани – Свети Марија; Пештани – црква Свети Ѓорѓи; Трпејца – Чоколско; Љубаништа – Ќоше – Свети Никола; Стење – Пресвета Богородица (Пречиста); Коњско – Свети Илија; Туристички комплекс Отешево – с. Отешево; Лескоец – Извор; Планинска куќа Шарбојца (Асан Ѓура) – Симонческа Локва – Пештера – Самотска Дупка; Баба – Магаро; Баба – Лако Сигној

Еднодневни пешачки патеки: Еднодневни пешачки патеки: Велгошти – Свети Никола – Љубанска нива – бачилото – Летница – Лом – Рамне – Центар за посетители Охрид; Центар за посетители Охрид – Рамне – Поник – Крстец – Горни Студинец – Велестово – Центар за посетители Охрид; Центар за посетители Охрид – Велестово – Килаец – Стара рача – Мачука – Коњско – Свети Стефан; Свети Стефан – Коњско – Синев дол – Шумјак – Елшани – Орелци – Извор Глајшо – Свети Спас – Добра – Пештани; Трпејца – Мал Осој – Дервен – Рампа – Ушине – Љубаништа; Стење – Коњско – Стење; Туристички комплекс Отешево – с. Отешево – Отешевски дол – Шурленци – Сир Хан; Центар за посетители Царина – Лескоец – Стење; Планинска куќа Шарбојца (Асан Ѓура) – Гога – Гумно – Дупкана – Џамивче - Планинска куќа Шарбојца.

Дводневни пешачки патеки: Центар за посетители Охрид – Рамне – Поник – Крстец – Планинска куќа Шарбојца (Асан Ѓура) – Шаргуле – Ломје – с. Отешево – Туристички комплекс Отешево; Центар за посетители Охрид – Рамне – Поник – Крстец – Планинска куќа Шарбојца (Асан Ѓура) – Бојазон – Ветро Гумно - `Рблок – Орелци – Извор Глајшо – Свети Спас – Врв Кодар – Белко Нива – Трпејца; По патеките на светите Климент и Наум Охридски: Охрид – Рача – Шипокно – Коњско – Елшани – Пештани – Градиште – Трпејца – Љубаништа – Свети Наум.

Магистрална велосипедска патека: Центар за посетители Охрид – Велестово – Крстец – Џафа – Салако ливада – Рамненска – Гумно – Дупкана – Планинска куќа Шарбојца – Суво поле – Два јавори – Суво поле – Планинска куќа Шарбојца – Симонческа локва – Дупкана – Крстец – Велестово – Центар за посетители

Локални велосипедски патеки: Центар за посетители Охрид – Рамне; Стење – Коњско. Велосипедските патеки имаат должина од 55,2 км.

**Вардарскиот плански регион (ВАПР)** поседува потенцијали за развојот на активниот туризам кои треба да поттикнат заложбите за идни активности и преземања за вклучување во туристичката понуда. Одржливиот развој подразбира оптимално користење на ресурсите. Активниот туризам така добива улога на чинител на општествениот и економскиот развој, афирматор на вредностите на просторот, значаен фактор во заштитата и унапредувањето на животната средина и промотор на постоечките потенцијали. Развојот на овој вид туризам подразбира идентификување, вреднување и креирање на политики кои ќе овозможат динамизирање на туристичките процеси на активните чинители во Вардарскиот плански регион. Во оваа насока е неопходно да се има јасна слика за областа од интерес во процесот на определување на развојот индикаторите и параметрите, информациите и објаснувањата на состојбите и определбите за можностите кои стојат на располагање. Овие параметри и вредности се содржани во Регистарот на компонентите на животната средина во ВАПР:

**ВАПР** според опфатот на површината (4042 км$^2$) се протега на околу 16 %од територијата на РС Македонија. Регионот се наоѓа во централниот дел на РСМ, а преку општината Кавадарци се граничи со Грција. На овој начин туристичките производи на регионот треба да се збогатат со вредностите во Грција со што активниот туризам добива меѓународна димензија.

Од друга страна отвора можности за искористување на туристичките вредности кои се наоѓаат во овие регионални целини добиваат широк простор за взаемна посета и користење на ресурсите и туристичките производи. Тоа подразбира и иницирање на активности, проекти и отворање можности за инвестирање во уреденост и опременост на простори и објекти кои ќе се во функција на развој на активниот туризам во регионални рамки на меѓународен план. Отворањето на граничен премин би овозможил поголема флуктуација на туристичка клиентела.

Вардарскиот регион се наоѓа на главната сообраќајна артерија на РМ Е-75, коридор 10, меѓународна железничка линија Скопје-Велес-Гевгелија-граница со Грција на коридорот со должина од 106,6 км. Ова е главна патна артерија која овозможува пристапност до туристичките вредности за развој на активниот туризам.

Постоењето на атрактивности од активниот туризам како на пример водопадите во општина Воден, овозможуваат комбинирани активности од овој вид. Користење на искуства од формирање на различни видови туристички производ од соседството треба да биде предност во развојот на активниот туризам на меѓународен план.

Во овој регион се лоцирани три леталишта за стопанска авијација (Пешиново - Св. Николе; Црвени брегови - Неготино и Росоман - Кавадарци) Леталиштата овозможуваат користење во агро-цели и воздушно набљудување на просторните вредности од воздух.

Сложената релјефна конфигурација на просторот на ВАПР е во функција на динамичен развој на активниот туризам. Во овој поглед посебно место имаат планините.

Јакупица( 2538 м ) има просечна надморска височина од 1347 м е предложена за Национален Парк со површина од 28000 ха. Јакупица е богато со многу природни ресурси кои што можат да се искористат за рекреативна, научно-истражувачка, едукативни активности како школи во природа, еколошка и спортска намена. Овие вредности се во тесна врска активниот туризам..

Кожуф (2 166м) има просечна надморска височина од 1203 м и површина од 893 $км^2$. На него постои ски-центар кој располага со одлични услови за скијање, два ски-лифта со капацитет на носење по 3.000 скијачи за еден час до врвот на жичарницата, еден шестосед кој е единствен од таков тип на Балканот, ресторан, бачило, 16 апартмани и 16 км скијачки патеки.

Поволен простор за нудење на конкретни туристички производи со рекреативни, спортски и едукативни содржини. Планините Бабуна Голешница, Даутица, Клепа, Кучукол, Градиштанска Планина, Манговица, Конечка Планина е карактеристична по можностите за планинарење и алпинизам, како и за пријатен престој во планински услови, излети и логорувања.

Во регионот се лоцирани високи врвови. Тоа се следниве:- Солунска глава 2538м (Јакупица), Зелен Брег 2166м (Кожуф), Бел Камен (Даутица) 2074м, Лисец (Голешница) 1938, Градиште (Градиштанска Планина) 861, Асаница (Манговица) 874м, Волчјак (Конечка) 1159м, Градишки Врв (Градишка) 1002 Вака високите врвови се можности за лоцирање на видиковци и алпинизам.

Активниот туризам во овој регион е во тесна врска со клисурите и кањоните. Тие се атрактивни поради специфичните карактеристики како животна средина.

Клисурата Пешти е предложена за строг природен резерват. Пешти е куса клисура со површина од 727 ха, 0,18% во долниот тек на реката Бабуна. Присутни се поголем број на пештери (24) од двете страни на Бабуна. Таа е позната по својот амбиентален карактер и можноста туристите да се восхитуваат на природата да се искачуваат по нејзините страни, а позната е и по ретки видови птици. Погодна е за нивно набљудување и лоцирање на излетишта за престој во природа.

Клисура на реката Тополка е сув и карпест терен, со висока инсолација. Се работи за живеалиште на повеќе значајни животински видови и некои ретки видови птици. Поради тоа е предложена е за научно-истражувачки природен резерват. Таа е погодна за искачување по нејзините страни, разгледување и едукативни активности.

Клисура на реката Црна се наоѓа меѓу р. Блашница и свиокот на Црна Река. Таа е научно-истражувачки објект со флористичко и ботаничко значење, така што е предложен за заштита во категоријата научно истражувачки природен резерват. Според тоа се работи за можност на рекреативни активности, едукативен и научен пристап во посетата.

Дреночка клисура се наоѓа на реката Раец и се протега на површина од 0.26 ха. Таа е заштитен споменик на природата како научно-истражувачки ботанички објект-рефугиум. Има едукативно и научно значење. Погодна е за искачување по карпите и тренинг активности на алпинизам.

Во регионот се наоѓаат и Таорската, Велешката и клисурата Присад. Се работи за ретки форми во функција на активниот туризам. Тие имаат куриозитетна и комуникативна вредност.

Демиркаписка Клисура има 31,5 км вкупна должина. Тоа е најдолга клисура на реката Вардар а зафаќа со површина од 200 ха. Страните на некои места во клисурата се високи и до 900 м, а на Карадак и Трнка Рид и до 1000 метри. Оваа клисура е најразвиениот центар за искачување во РСМ. Покрај тоа што овозможува натпреварувачки активности во рамките на искачувањето на карпите, за веќе вештите алпинисти, таа е и обучен центар за овој вид алпинистички активен туризам. Таа е заштитен споменик на природата , а претставува еден од најбогатите орнитолошки резервати во Европа по застапеноста на ретки грабливи птици, значајни видови цицачи, влечуги и инсекти како и ретки и ендемични растенија. Се работи за заштитен споменик на културата со научно истражувачко ботаничко, зоолошко и геоморфолошко значење. Потенцијал за организирање рекреативни, спортски и едукативни содржини во функција на развој на активниот туризам. Погодна за набљудување птици, алпинизам, рекреативни активности на копно и на вода. Активниот туризам во оваа клисура е во врска и со научни и едукативни активности.

Во Демиркаписката клисура има 9 пештери кои активниот туризам ги користи како вредност од спелеолошки карактер. Но, и целиот регион е богат со пештери.

Пештера Макаровец се наоѓа во с. Мамутчево, Општина Велес, во епигенетската клисура на десната долинска страна на реката Бабуна. Изградена е од сплет на повеќе канали чија вкупна должина изнесува 310 м. Иако е сиромашна е со пештерски украси, поседува туристички атрактивности. Во неа се наоѓа пештерско езеро, .богата е со фосилна пештерска фауна и антропогени палеолитски и палеонтолошки наоди. Таа е погодна е за спелеолошки посети со едукативни и научни вредности. Страните на Бабуна се погодни за искачување и алпинистички активности.

Пештерата Понор се наоѓа на висина од 138 м, а се спушта кон дното на клисурата Пешти. Во јужниот дел на галеријата има отвор за другиот страничен канал кој е исполнет со пештерски накит. Погодна е за спелеолошки посети во рамките на активниот туризам.

Пештерата Четири Врати се наоѓа во клисурата Пешти, Велешко. Составена е од шест отвори. На крајниот дел таа завршува во една галерија долга 16 м., широка 12 м. и со височина на таванот од околу 30 м. Пештерата е создадена во некогашниот водотек на реката Бабуна, така што овозможува комбинација на спелеолошки и речни активности, излети и прошетки.

Пештерата Бела Вода се наоѓа во Демиркаписката Клисура, од десната страна на реката Вардар. Вкупната должина на пештерата е 955 м. Се состои од два канала: горен (233 м) и долен (722 м). Таа е најголема од досега истражените пештери во РСМ. На крајот од долниот канал има подземно езеро. Истражувана е и постојната пештерска фауна. Погодна за спелеолошки активности, научно-истражувачки и едукативни посети.

Пештерата Горен Змејовец се наоѓа под врвот Краставец во Демиркаписката Клисура на н.в. од 630 метри. Се состои од еден канал долг 24 м., пештерска сала со широчина од 55.14 м и од еден внатрешен канал со должина од 26 м. Таа има спелеолошко значење, а предложена е за заштита во категоријата споменици на природата. Според тоа се работи за пештера со едукативни, научни и еколошки карактеристики.

Арамиската Пештера се наоѓа од левата долинска страна на реката Каменица, десна притока на Црна, во близината на Кавадарци. Нејзината вкупна должина е 251 м. Во пештерата се наоѓа пештерско езеро (12 м2), кое е длабоко 5 м. Во пештерата има и украси (саливи, сталактити и сталагмити). Постои можност за уредување и презентирање пред туристичката публика, како можност за спелеолошки посети во рамките на активниот туризам.

Пештерата Дамјаница се наоѓа во општина Чашка, во близина на село Богомила, во изворишниот дел на реката Бабуна под отсекот на Нежиловите Карпи на н.в. од 1580 метри. Главниот канал на пештерата, долг 88 м. е изграден по должината на една дијаклаза. Пештерата завршува во една долга галерија која е исполнета со сталактити и сталагмити и други украси, така што поседува естетски својства и е погодна за уредување во функција на посети.

Галишката пештера се наоѓа во близина на Кавадарци. Таа е долга 180 м. Карактеристична е по специфични спелеолошки украси-лепези. Поради тоа предложена е за заштита како споменик на природата со спелеолошко значење. Во активниот туризам треба да се вклучи преку спелеолошката посетеност, едукативните и научните можности.

Пештерата Црквиче, исто така се наоѓа во близина на Кавадарци. Таа има должина од 86м. Карактеристична е по тоа што во неа има пештерна црква така што е предложена е за заштита како споменик на природата со културно-историско значење. Тоа значи дека се работи за спелеолошка атрактивност во рамките на активниот туризам и дека е погодна за религиски, културни, научни и едукативни активности.

Пештерата Извор се наоѓа во Општина Чашка, во близина на Богомила на р. Бабуна. Таа има должина од 159 м. Како посебна вредност треба да се истакне дека таа претставува водокатализатор на реката Бабуна. Водите потекнуваат од Беговскиот Поток кој понира во јужниот дел на Бегово Поле. Се работи за ретка појава поради што таа претставува не само спелеолошка атрактивност туку и едукативна и научна можност за користење. Со оглед на тоа дека е предложена за заштита како споменик на природата таа има и еколошка компонента.

Марковата пештера исто така се наоѓа во Општина Чашка. Пештерата, туристичката атрактивност ја поседува поради остатоците од црква која ги има во својата внатрешност. Од малата црква која некогаш се наоѓала во овој локалитет зачувани се делови од капелата и олтарот. Фреските кои постојат на овие делови се создадени во 15 или 16 век. Тоа е оптимална можност за соединување на атрактивноста во функција на активниот туризам со религиските и културните вредности во интегралната туристичка понуда.

ВАПР е карактеристичен по палеонтолошки форми. Тие се застапени најголемата застапеност на вакви локалитети.

Караслари е најпознатиот локалитет од овој вид. Овој палеонтолошки локалитет се наоѓа околу 3 км југоисточно од Велес во близина на истоименото село и зафаќа површина од 148 ха. Фосилното наоѓалиште е откриено во 1973 година при изградбата на автопатот Велес - Гевгелија. По богатството на пронајдените фосилни цицачи (коњи, газели, жирафи, свињи, кучиња и др.), овој локалитет се вбројува воедно од најпознатите наоѓалишта кои досега се откриени во светот. Поради тоа е предложен за заштита како споменик на природата.

Активниот туризам го користи според неговите куриозитетни, научни и едукативни карактеристики.

Превалец е палеонтолошки локалитет кој се протега на површина од околу 50 ха. Тој се наоѓа на оддалеченост од 4 км југозападно од Велес . Поволната положба му овозможува добра пристапност. Значењето за локалитетот е тоа што претставува прво откриено наоѓалиште со фосилни коски од цицачи - "пикерминска фауна" во РС Македонија. Објектот е заштитен споменик на природата, како научно-истражувачки објект со посебно палеонтолошко значење, и погодно за културно-едукативни посети. На овој начин активниот туризам се поврзува со културните вредности.

Калница се наоѓа во општина Кавадарци. Неговата површина е околу 0.67 ха. Се работи за палеонтолошки локалитет со богатство на фосилни коски од рбетници главно од пикерминска фауна. Заштитен е во категорија споменици на природата. Покрај можностите за посета во рамките на активниот туризам тој погодна за едукативни активности и научни експедиции.

Змијарник е палеонтолошки локалитет што се наоѓа североисточно од селото Ќоселери, на потегот Велес-Штип во општината Лозово. Ова е научно-истражувачки објект со особено палеонтолошко значење и едукативна намена. Предложен е за заштита како споменик на природата. И овој локалитет има слични карактеристики како и останатите локалитети од овој вид.

Корица се наоѓа на истоименото брдо, околу 1 км североисточно од напуштеното село Д. Оризари. Како палеонтолошки локалитет е познат по фосилните остатоци кои имаат научно-истражувачко и едукативно значење. Предложен е за заштита како споменик на природата, со што во активниот туризам може да се вклучи врз повеќе основи.

Тумба е палеонтолошки локалитет со богатство на фосилни коски од рбетници главно од пикерминска фауна. Се наоѓа во месноста "Тумба" во мариовските шуми - оддел 49, во непосредна близина на македонско-грчката граница, се протега на 5х. Значаен е за проучување на пикерминската фауна. Се работи за резерват на одделни растителни(бука и ела) и животински видови. Има еколошко значење, можност за едукативни посети и можност за прошетки и разгледување.

Активниот туризам атрактивна основа наоѓа и во хидрографските вредности. Тоа се однесува на изворите, реките, водопадите и езерата.

Изворите се локации кон кои се стремат туристите пешачејќи во потрага по чиста вода и недопрена природа. Тоа се погодни места за излетишта, уживање во на чиста изворска вода и едукативни активности какви што се училишта во природа или екскурзии.

Регионот поседува завиден капацитет на застапеност на извори и изворска вода. Во сливот на Средното Повардарие регистрирани се вкупно 288 извори со вкупна штедрост од 0,63 м$^3$/сек, или 20 мил. м$^3$ вода годишно. Од големите извори со штедрост над 100 лит/сек регистрирани се три извори од кои два се каптирани за водоснабдување на Кавадарци, Неготино и 13 селски населби. Ново функција на развој на активниот туризам посебно треба да се истакнат: Изворот на Белешница, Оча, Салакова Река, врелото на река Бабуна, изворишните челенки на Патишка Река, Маркова, Кадина Река, Бабуна, Тополка, Пепелник и Белешница, Лукар 1 и 2, извор Косматец, извор на Бистричка река и извориште на река Дошница.

Реките имаат полифункционален карактер во активниот туризам. Тие овозможуваат прошетки по бреговите, логорување и излети, а на некои и риболовни активности. Вардар е пловна река така што е погодна за спортови на вода.

Речната мрежа во ВАПР е широко развиена. Тоа се гледа по застапеноста на следниве реки: Отовица, Тополка, Бабуна, Брегалница, Црна река, Луда Мара, Бошава, Светиниколска река, Река Мавровица, Река Оча, Беличка река, Река Пештери, Клисурска

река, Дренска река, Кавадаречка река, Стара река, Иберлиска река, Бистричка река, Река Раец, Река Мала Јаворица, Каменица, Водовратска река, Река Дошница, Виничанска река, Страгарница, Вешка река, Копришница и Моминска река.

Активниот туризам посебна атрактивност наоѓа во водопадите. Копришнички водопади на реката Копришница и водопадите на Моминска Река, познати како Момински водопади, во општина Демир Капија и водопад на р.Бабуна, кој се наоѓа во изворишниот дел во општина Чашка се погодни за искачување излети во природа во егзотични услови, едукативни активности. Водопадот на р. Бабуна е познат по тоа што има џиновски лонец. Поради тоа е предложен е за заштита како споменик на природата со геоморфолошки карактеристики.

Езерата во ВАПР се со изразити можности за развој на активниот туризам. Тие се основа за развој на активностите на вода од рекреативен и спортски карактер, како и на активности со адреналински особини.

Доминантно место во регионот има Тиквешкото Езеро кое зафаќа површина од 14 км$^2$ и должина од 29 км. Се смета за едно од најголемите вештачко езеро по површина, длабочина и по должина во нашата земја, како по вкупното количество вода во него. Покрај наведените можности на него постојат услови за промовирање на спортскиот и професионалниот риболов, а на неговите брегови пешачење, логорување и организирање на излети.

Моклишко Езеро на река Луда Мара има посебна туристичка вредност затоа што се работи за ретка појава. Неговиот постанок се врзува како последицата на природна катастрофа. Со уривање на рид се креирала брана која ја заезерила водата. Според својот тип е урвинско езеро. Неговата специфичност на постанокот е погодна за презентација за едукативни активности. Престојот на ова езеро е сврзан со можностите за пешачење по неговите брегови и спортови на вода.

Езеро Паљурци е исто така на реката Луда Мара. Тоа е заезерено со брана висока 21,1 м и запремнина од 2,8 милиони м$^3$ вода. Иако ова езеро е наменето за наводнување на обработливи површини, тоа треба да се користи и за активен туризам.

Езерото Лисиче, на реката Тополка зафаќа запремнина од 24 милиони м$^3$ вода, а служи за наводнување и водоснабдување на населението и домаќинствата од Велес и соседните села. На тој начин неговата вредност е определена како основна потреба и за туристите учесници во активниот туризам.

Езерото Мавровица се наоѓа јужно од с.Орел на река Киселица (Орелска Река). Има капацитет од 275 мил.м$^3$ вода. Иако се користи за наводнување на земјоделските површини може да се користи и за рекреација, како на водената површина, така на неговите брегови.

Во регионот се наоѓаат заштитени зони кои се основа како на развојот на еко-туризмот, така на активниот туризам поради можноста за ретки доживувања при движењето во овие целини. Такви се следниве:

Тиквеш кој е строго заштитен природен резерват со површина од 10.650 ха. Се наоѓа во јужниот дел на Тиквешкото Езеро и околината. Резерватот вкупно зафаќа 9.700 хектари водена површина и 950 хектари копно, на кои живеат 39 грабливи птици. Активниот туризам е во тесна врска со еко-туризмот. Од содржините на престој покрај активностите на вода и копно во овој локалитет можат да се набљудуваат и птици и да се презентираат едукативни и научни содржини.

Таорска Клисура, се протега меѓу селата Таор, Скопско и Башино Село, Велешко во должина од 31 км, во долината на реката Вардар. Таа е погодна за искачување во рамките на активниот туризам а предложена е за научно-истражувачки природен резерват. Тоа значи дека се работи за ретка природа во која престојот и движењето претставува посебно доживување.

Слив на р. Тополка е научно-истражувачки природен резерват. Ова е значаен локалитет поради присуството на некои ретки видови и медитерански елементи. Поради тоа има еколошко значење. Можноста за посета подразбира користење на ретката природна амбиенталност и можноста за едукативни и научно-истражувачки посети.

Пашин Мост, се наоѓа на левата долинска страна на Река Тополка, над истоимениот мост, на површина од 50 ха. Претставува низа на наборни форми со метарско-декаметриски димензии (синклинали, антиклинали) кои се извонредно импресивни. Движењето по нив претставува посебна активност. Локалитетот е погоден за нагледно-едукативна намена од доменот на структурната геологија и како атрактивна пејзажна компонента. Предложен е за заштита како споменик на природата.

Уланци е предложен за споменик на природата. Локалитетот се наоѓа на југоисточната страна од возвишението Рид на левиот брег на реката Вардар од спротивната страна на Градско. Претставува карактеристична појава на песочни форми во облик на топки, јајца или печурки, настанати со лачење на палеогено-флишни седименти составени од песочници и лапорци. Поволно за посета за едукативни содржини и научни презентации од геолошка гледна точка. Во ваква средина активниот туризам може да ги искористи содржините за рекреативни активности.

Енешево опфаќа површина од 1,5 ха во просторот Солен Дол - село Енешево. Теренот се одликува со зарамнети површини и суводолици, на кои оваа зимзелена полугрмушка едвај достигнува еден метар височина и учествува во составот на пустинско-степските заедници. Наоѓалиштата помеѓу Демир Капија и Овче Поле се единствени на Балканскиот Полуостров. Тука е застапена асоцијацијата Eurotietum ceratoides. Предложен е како посебен природен резерват со научно истражувачка и ботаничка намена, а во туристичка смисла погоден за едукативно рекреативни активности.

Љубаш е предложен за научно-истражувачки природен резерват. Тој претставува рид кој се протега меѓу р. Црна и Кавадаречка Река (150-500 мнв), на површина од 0,25 ха. Во туристичка смисла поседува ботаничка и научно-истражувачка намена, а пешачењето низ него подразбира средба со ретки видови растенија. Во оваа смисла се работи за едукативни и истражувачки активности.

Црни Ореви во Демир Капија е преложен за заштита како споменик на природата. Се работи за стеблата високи околу 20 м, со обем на стеблото од 3,60 до 5,80 м. Групата на 4 стебла црни ореви (Juglans nigra) претставуваат ретки примероци од овој вид со така огромни димензии и старост, кои се одржале во потполно урбана средина. Покрај декоративното и куриозитетното значење во туризмот овие стебла треба да се користат за искачување.

Студена Глава Рид-Трник се предложен научно-истражувачки природен резерват. Тој се протега на површина од 20 ха. Во него преовладува тревна вегетација со типски степски елементи, како и состоини на црн бор. Ваквата комбинација на природни вегетациски услови има позитивен одраз врз развојот на активниот туризам.

Крастовец е врв во локалитетот Клисура. Тој е предложен за заштита како споменик на природата. Целиот е под шумска вегетација , а се карактеризира со мноштво на растителни видови. Тие имаат ботаничка намена, што подразбира едукативни и научно-истражувачки активности. Погодностите за прошетки низ шумската вегетација се посебно значајни во поглед на активниот туризам.

Река Јаворица, е предложена за споменик на природата. Таа се наоѓа во сливното подрачје на реката Мала Јаворица. Во него се застапени бројни видови шумска вегетација. Ова е научно- истражувачки објект со вегетациско значење и можности за рекреативни содржини во рамките на активниот туризам.

Сливот на Клисурска Река зафаќа површина од 100 х. Реката е десна притока на Вардар. Во овој локалитет се среќаваат различни растителни заедници. Најзначајните појави се наоѓаат непосредно крај реката и на брдото Крастовец. Овој простор е предложен како научно истражувачки природен резерват и има научна и воспитно-образовна намена. Рекреативните можности се во согласност со природните услови за пешачење во овој простор.

Иберлиска Река, е карактеристична по ретка растителност на нејзините брегови. Се протега на 30 ха. Овој резерват претставува чист насад од платанова шума од автохтоно потекло и е добро зачувана. Резерватот е заштитен согласно Законот за природа и има дендролошко значење. Пешачењето низ ваква шума претставува посебно доживување.

Пашин Мост е предложен е за заштита како споменик на природата на површина од 50 ха. Се наоѓа на левата долинска страна на Река Тополка, над истоимениот мост. Локалитетот е погоден за нагледно-едукативна намена од доменот на структурната

геологија. Како атрактивна пејзажна целина претставува посебна убавина и рекреативен локалитет во активниот туризам.

Дреночка Клисура се наоѓа на патниот правец Скопје-Прилеп. Таа е заштитен споменик на природата со површина од 0,26 ха. Се работи за реликтна заедница на повеќе значајни видови флора и фауна. Таа претставува научно-истражувачки ботанички објект-рефугиум. Покрај неговите еколошки атрактивности и погодност за едукативни и научно-истражувачки посети искачувањето на карпите е содржина на активниот туризам.

Саланџак е предложен за заштита како посебен природен резерват. Тој има еколошко значење, можност за едукативни посети и рекреативни туристички активности од типот на разгледување и движење низ прекрасна природа.

Мешник се наоѓа во клисурата на Црна Река меѓу р. Блашница и свиокот на Црна Река. Тој е предложен за научно-истражувачки природен резерват. Резерватот содржи варовници и мермери на кои расте шума од црн бор. Во нејзиниот состав и по карпестите стрмнини кон Блашница (Чатена) се среќава многу интересна флора. За туристите вклучени во активниот туризам стрмните карпи се предизвик за искачување и совладување.

Голем Козјак се наоѓа во изворишниот дел на Бистричка Река под Голем Козјак. Овој резерват се протега на површина4ха . Во него се јавуваат одделни растителни и животински видови. Шумската вегетација просторот има квалитетот на дрвото кое е ретко во РСМ. Тоа е резерват од бел бор. Во туристичка смисла еколошко значење, можност за едукативни посети и рекреација и можност за разгледување на амбиентот.

Кале Бањичко се наоѓа над с.Баница, велешко на околу 3 км западно од селото. Се протега на површина од 97 ха. Во варовнички плочи е најдена богата маринска фауна претставена со школки, амонити и полжави. Тоа отвора можност за едукативно - рекреативни посети.

Дабје се наоѓаат од десната страна на патот Свети Николе-Ѓуриште, во селото Трстеник. Тие се предложени за заштита како споменик на природата. Стеблата се високи, меѓу 4 и 20 м. Во туристички поглед тие имаат еколошко значење, можност за едукативни посети и активности од типот на разгледување. Импресивната височина на стеблата овозможуваат искачување во рамките на активниот туризам.

Локалитетот Немањинци се наоѓа во близина на истоименото село. Се протега на површина од 2 ха, а богат е со фосилна флора и фауна која укажува на некогашно постоење на тропски климатски услови. Тоа значи дека има едукативни и научноистражувачки можности за посета и разгледување на просторот како рекреативна активност.

Орлово Брдо е наоѓа во близина на општина Неготино и е во категоријата на споменик на природата. Локалитетот е богат со флористички, ендемични растителни видови и ретки македонски ендемити. Поради тоа претставува споменик на природата.

Тоа зборува за куриозитетност и едукативни и научни вредности. Разгледувањето и пешачењето се активности кои се во функција на овој вид туризам.

Овче Поле е предложен локалитет за споменик на природата. Тој е богат со терени насолени почви, што претставува раритетна вредност. Прошетките по оваа ретка појава се дел од активниот однос кон природата.

Богословец е локалитет богат со ретки растенија кои има еколошко значење. Исто така, тоа е можност за едукативни посети и активности од типот на разгледување во рамките на активниот туризам.

Развојот на активниот туризам во корелација со заштитените простори и локалитети се јавува и во веќе споменатите палеонтолошки центри како Караслари, Превалец , Корица,, Тумба, Калница и Змијарник, пештерите Извор, Дамјаница, Св. Марко, Црквиче Галишка пештера и Арамиска пештера и пештерите Горен Змејовец, Бела Вода Макаровец и Четири Врати, Клисурите Пешти и Демир Капија и Тиквешкото Езеро. Нивните туристички вредности во овој контекст веќе се обработени и презентирани во соодветните систематизирани делови на Потстратегијата.

Вегетацијата е разновидна и широко распространета. Тоа овозможува да се искористат за лоцирање на адреналински паркови, пешачење и разгледување, искачување на дрва, развој на хербални туристички активности и едукативни и научно-истражувачки посети.

Во регионот се регистрирани 1. 121 коњ. Тоа е солидна база за активирање на јавањето во услови на природна амбиенталност.

Ловот како препознатлива форма на активниот туризам е во тесна врска со неговата организација и застапеноста на ловни примероци. Располагајќи со голем број планински предели и шуми со разновидна вегетација постојат можности за развој на ловен туризам и користење на гастрономски специјалитети, набљудување на животни и фотографирање. ВАПР располага со 42 ловишта со вкупна површина од над 350 илјади хектари. Во овој регион се сместени 17% од вкупниот број на ловишта во државата од кои 11 се со крупен дивеч, а 31 со ситен. Најголемо ловиште во ВАПР е Рожден со 14.228 ха во општина Кавадарци.

Слични карактеристики има и риболовот. Најповолни услови има на реките Бабуна, Тополка, Вардар и езерата Тиквешко, Подлошко и Младост. Тоа е можност за развој на риболовниот туризам и основа за користење гастрономски специјалитети.

Активниот туризам е во тесна врска со велосипедските и пешачките патеки. -

Познати се следниве: Планинска патека (с.Богомила - с. Нежилово-Пл.дом Чеплес на подножјето на пл.Јакупица, С. Горни Дисан (опш. Неготино), Реон Мокрени (5 патеки), Патека Нова Македонија (с. Голозинци-Лисиче-Горно Врановци), Патеки на Јакупица (еколошка групација Green power), Патеки на пл. Биса, Велосипедска патека во околина на Велес (Велес-Манастир Св. Петка-с. Сопот) и Винарија Сопотско-с. Башино-Велес.

Развојот на активниот туризам поседува и манифестациски содржини. Во регионот се одржуваат следниве спортски настани: Вардарска регата (Велес), Турнир во одбојка на песок (Велес), Мото бич парти (Велес), Турнир во мал фудбал (Демир Капија), Пеливански борби – традиционални натпревари (Лозово), Ноќен турнир во мал фудбал, С. Лозово Меморијален турнир во кошарка Горан Трајчев Шлем (Свети Николе), Турнир во мал фудбал (Св. Николе), Турнир во шах (Св. Николе), Турнир на Меѓународен риболов (Св. Николе), Параглајдинг Куп (Чашка), Интернационален outdoor фестивал (спортови во природа) –Демир Капија, турнир во street ball (Неготино)

- Велосипедски настан АЗОТ МТБ Предизвик (с. Богомила)(планински велосипедизам), Меѓуетнички турнир во мал фудбал (нас. Чашка , општина Чашка), Меѓународни извиднички средби (с. Голозинци, Чашка) и Планинарски марш –Чеплес-Солунска Глава

**Скопскиот плански регион (СКПР)** опфаќа површина од 1.812 км$^2$ протегајќи се на 7% од територијата на РС Македонија. Овој регион се карактеризира по својата добра транзитна положба и сообраќајна поврзаност во меѓународни и национални рамки поради тоа што минуваат меѓународниот коридор 10, патен правец Е75 и меѓународниот коридор 8, патен правецЕ-65, и се наоѓаат меѓународниот аеродром Скопје и Аеродромот Стенковец погоден за приватни летала.

Туристичките вредности на планините во Скопскиот регион претставуваат основа за збогатена понуда во функција на развој на активен туризам. Во овој контекст треба да се набројат следниве: Водно, Јакупица, Караџица, Осој, Китка, Жеден и Скопска Црна Гора. Тие имаат поволни услови за скијачки активности, излетничко-рекреативни, спортски и комбинирани тури кои можат да се креираат како содржини за престој во рамките на активниот туризам. За алпинизам и искачување се атрактивни се следниве високи врвови: Крстовар – 1066 м (Водно), Солунска глава – 2540 м ( Јакупица), Мелников Камен – 2217 м (Караџица), Крстец – 1401 м (Осој), Рамно – 1651 м (Скопска Црна Гора) и Голем Жеден-1264 м (Жеден).Врвовите даваат можности за комбинација на алпинистички активности со уредени простори за видиковци и одмор на туристите.

Потенцијалите за формирање на скијачки патеки се впечатливи. Вкупната денивелација на Скопска Црна Гора е 500 м.; Јакупица 8960 м. и Китка – 500м.

Композитноста на долините во регионот е причина за застапеноста на котлини и клисури. За активниот туризам од значење се следниве клисури: Качаничка Клисура: се наоѓа на граница со Косово, Бадерска Клисура е епигенетска клисура во долниот тек на реката Пчиња во должина од 9,5 км, Дервенска Клисура реката Вардар се протега од утоката на Беловишка Река до селото Рашче во должина од 21,5 км., Таорска клисура се наоѓа меѓу Таор во скопско и Башино Село во велешко во должина од 31 км., Шишевската Клисура се протега од село Девич во општина Македонски Брод, до село Шишево, општина Сарај, во долината на реката Треска со должина од 66.2 км. и Кањон Матка на реката Треска, спаѓа во групата на најатрактивни кањони во светот. Клисурите се

атрактивности со можности за разгледување на вакви амбиентални целини и искачување по нивните страни.

Регионот има можности за развој на спелеолошкиот туризам. Во него од посебна важност се пештерата Врело која е уредена и најпосетена во РСМ, Дона Дука, Подврело, Убава, Драчевска и Кртштална.

Овој простор има развиена хидрографија. Таа има полифункционално значење.

Изворите се јавуваат како ладни и термоминерални. Погодни за посета се: Пепељак, извор на Маркова Река на Караџица, Јуручка Карпа на Кадина Река на Јакупица ,извор кај с. Брљарци и извор кај с. Кучково. Изворите на реките се погодни места за организирање на прошетки и пикници. Нивната лоцираност има алпинистички вредности. Термоминерални извори на Катлановска Бања се во функција на бањските туристички активности.

Развојот на речниот туризам како дел на туристичката понуда на активниот туризам ги користи капацитетите на следните реки: Од по Вардар, Треска , Маркова Река, Кадина Река, Пчиња, Лепенец и Патишка Река. Од посебно значење се можностите за регати на Вардар и спортовите на диви води во уреденото корито на Треска.

Основата за развој на активности на езерата е во застапеноста на следниве езера: Матка, Треска,и Големо и Мало Салаковско Езеро – во изворишниот дел на Салаковска Река под врвот Убава на планинскиот масив Караџица, сместени на надморска височина од 2.178 м.

Заштитените простори како Матка, Јасен, Локалитет Ручица кој е резерват од кривуљ на планината Јакупица под Солунска Глава, Остров, кај Трубарево кое е споменик на природата и орнитолошка станица и парк шумите Водно, Гази Баба, Скопска Црна Гора се препознатливост на активниот туризам во регионот од гледна точка на екологијата. Регистрирањето на овие компоненти покажува дека постојат туристички потенцијали за активен туризам кои можат да се искористат како основа за идни развојни пристапи во оваа сфера.

Ловот е застапен за крупен дивеч во ловиштата : бр. 1 ,, Кадина река “ , бр. 2 ,, Елово“ , бр. 3 ,, Кључка Река “ , бр. 4 ,, Бродец “ и ,,Јасен “ .

Ловишта за ситен дивеч се :бр. 5 ,, Мирковци “ , бр. 6 ,, Цревшево “ , бр. 7 ,, Бунарџик “ , бр. 8 ,, Миладиновци “ , бр. 9,, Градманци “ , бр. 10 ,, Фазанерија “ , бр. 11 ,, Трубарево“ , бр. 12 ,, Зелениково “ , бр. 13 ,, Батинци “ , бр. 14 ,, Говрлево “ , бр. 15 ,, Рамниште “ , бр. 16 ,, Жеден “ и бр. 17 ,, Кучково“.

Реките и езера во регионот генерално располагаат со богат фонд риби. Риболовот се врши во реките Вардар, Пчиња, Треска, Лепенец и езерото Матка.

Регионот е препознатлив и по организацијата на јавањето. Во регионот се застапени следниве клубови и здруженија: Коњички клуб „Хиподром“ – Маџари, Клуб за коњички спортови „Процес“ – Скопје, Коњички клуб „Дона“ – Ч. Сандево, Коњички Клуб

„Анималс“ – Скопје, Коњички клуб „Илинден“ – Скопје, Коњички клуб „Бистра Галичник“ – Скопје и Здружение на граѓани „Илинденски марш 1978“ - Горно Лисиче, Аеродром.

Активниот туризам ги поседува иследниве објекти  како капацитети за развој:

Повеќенаменски спортски сали во  Аеродром – 2, Гази Баба – 1, Ѓорче Петров – 1, Карпош – 5, Кисела Вода – 1, Сарај – 1,  Центар – 3, Чаир – 1 и Ч. Сандево – 6 ;Повеќенаменски игралишта во Аеродром – 16, Ѓорче Петров – 1, Карпош – 3, Кисела Вода – 2, Сарај – 2, Центар – 3;

Фудбалски стадиони: во Гази Баба – 1, Ѓорче Петров – 1, Карпош – 1, Центар – 1 и Чаир – 1; Помошни фудбалски игралишта: во Аеродром – 6, Ѓорче Петров – 1, Карпош – 2, Сарај – 2, Центар – 2 и Чаир – 1; Тениски игралишта: во Аеродром – 5Сарај – 1 и Центар – 6; Атлетска патека  во Центар – 1; Хиподром во Петровец – 1; Спортски аеродроми:Гази Баба – 1 и Чучер Сандево – 1Стрелишта во Центар – 2; Куглани: во Карпош – 1 и Центар – 1; Вештачки карпи за алпинизам: во Карпош – 3; Природни карпи за алпинизам:Сарај – 1; Патеки за планински велосипедизам:Аеродром – 1, Сарај – 1 и Центар – 1; Полетиште за параглајдинг во Центар - 1;Локалитети за рибарење во Аеродром – 1 и Сарај – 1; Патеки за едрење:Сарај – 1; Локалитети за нуркање во Сарај – 1 и Патека за кајак на диви води во Сарај – 1.

Спортските настани се многубројни во Скопскиот плански регион. Тоа произлегува од фактот дека Скопје е најголем спортски центар во државата. Но активниот туризам се развива имајќи ги во предвид и манифестациите како Скопскиот маратон; Марш до врвот Љуботен; Марш до Ливадичко Езеро (општина Јегуновце и манифестации слични на меморијалниот турнир во чест на фудбалерот Љубомир Рајчевски - Рајче (Ч. Сандево).

**Југоисточниот плански регион (ЈИПР)** опфаќа површина од 3.304 км$^2$.  Тој се граничи со Бугарија и Грција, така што граничните природни вредности како можат да бидат од взаемна полза во развојот на активниот туризам. Исто така оваа контактна положба овозможува посета од соседството, но и транзитни можности. На транзитните движења треба да им се понудат содржини од активниот туризам. Активниот туризам во овој регион ги користи и вредностите кои се дел на животната средина на регионот.  Во овој контекст планините се користат како можности за планинарење, разгледување, спортови на снег , пријатен престој на планински воздух и алпинизам. Најзначајни планини се следниве: Огражден,  Кожуф, Плачковица,  Беласица, Градешка, Плавуш, Марјанска, Серта-Конечка,  Еленица, Смрдеш, и дел од  малешевските планини. Највисоките планински врвови се Можност за лоцирање на видиковци и алпинизам. Во регионот највисок врв е Зелен Брег (2.165 м). Но, интересни се и врвовите :Највисок врв Радомир (2.029 м) на Беласица,Лисец (1.752 м) на Плачковица, Огражденец (1.744 м) на Огражден, Серта (1159 м) на Серта-Конечка и врвот Вршник (1031 м.) на Градешка планина. Овие вредности се поволна можност за планинарење и алпинизам, како и за лоцирање видиковци.

Во функција на алпинизам, односно искачување по карпи се и клисурите и кањоните. Во овој регион се наоѓаат Клисурата Кључка меѓу планините Огражден и Беласица, и кањоните на Меденска Река, на река Плаваја, на река Тркања и на Коњска река на Кожуф.

Вулканските појави како на пример Пилав Тепе во рамките на активниот туризам претставуваат атрактивност како ретка можност за искачување на згаснати купи. Тие се и со едукативни епитети така што можат да послужат за школи во природа и екскурзивни посети.

Застапеноста на извори претставува можност за лоцирање на излетишта и локации за логорување. Во овие извори се јавуваат минерални и термоминерални извори. Топлината на водата на изворите претставува потенцијал за бањски туристички активности. Во регионот позначајни извори се следниве:На Радовишка Река, на Маденска Река во Дамјанско Поле, Ѓавато во Дојран, Радовишка, Оравичка и Плававја Река на планината Плачковица, Извор Топлец во Дојран, Мокринските извори, изворите во Банско, извор на жешка вода Раклиш, извори на минерални и термални води во туристичкиот локалитет Смрдлива Вода, изворите на топла вода во село Смоквица , изворите на Негорска Бања Врела Бања и Студена бања,извор на кисела вода на Серта. Во регионот се наоѓаат Бања Банско и Негорски бањи.

Активниот туризам е во врска со посетите на реките и нивните брегови. Регионот има развиена речна мрежа во која се следниве реки:Река Вардар, Струмица, Цchampion Цировска Река, Река Лебница, Река Водоча, Река Турија, Радовишка Река, Меденска Река, Подарешка Река, Луда Мара, Водочница, Тркајана, Сушица, Пирава, Сира, Оравичка Река, Река Ломиј,Река Плавај, Стара Река, Крива Лакавица, Селемлиска Река и Анска река. Реката Вардар е погодна за организирање регати и риболов, а останатите покрај риболовот и за разладување, прошетки и пешачење по нивните брегови, односно за лоцирање излети и логорувања.

За овој вид туризам од посебна важност се водопадите. Тие се можност за егзотично доживување, рекреативни посети и екстремен алпинизам со качување по отсеците. Во Регистарот на ЈИПР в него се наоѓаат следниве водопади. Смоларскиот водопад со височина од 39,5 метри (Ново Село), Колешински водопад со височина од 15 метри (Ново Село), Габровски Водопади(Струмица), Ѓаволски водопад кој е формиран на југозападната страна на планината Беласица, во горниот тек на Башибоска Река со висина на вертикалниот отсек од 17метри (Валандово), Прстенски водопади (првиот е со височина од 16,5 метри,вториот е со височина на вертикалниот отсек од 16 метри, додека третиот водопад е со височина од 9,2метри (Валандово), Радичевски Водопад, Меденски Водопад, водопади на река Плаваја и водопад на Кожуф.

Спортови на вода , риболов и пријатен престој на нивните брегови се активности на езерскиот туризам. Доминантно место во овој поглед има Дојранското езеро. Исто така

забележителна е појавата на вештачки езера. Регистарот ги содржи следниве:„Мантово" (Конче), „Турија" ( Василево), „Водоча" (Струмица),„Паљурци" ( Богданци), Акумулација “Чинарли” ( Дојран) Брана „Иловица“, Брана „Маркова река 1“ и „Маркова Река 2“, Брана „Ново Село“, Акумулација “Селемли” ( Богданци), Брана „Топлик“ (Гевгелија) и „Конче 1“ и „Конче 3“.

Регионот е богат со шуми вкупната површина под шума: изнесува 133.964 х. Тие во активниот туризам можат да се користат за престој, пешачење и прошетки, разгледување, формирање на адреналински паркови,искачување по стеблата, едукативни и рекреативни активности. Од листопадните шуми најзастапени се дабовата и буковата шума, а од четинарите црниот и белиот бор и елата.

Ловот како една од формите на активен туризам е застапен со организирани ловишта. Меѓу најзначајните се вбројува Милисин на Кожуф во близина на границата со Грција во кое има преноќиште и ресторан. Во Валандово се наоѓаат ловиштата: „Честово“ и „Пирава“за ситен дивеч и „Градец“и „Башибоз“ за крупен дивеч.

Во Гевгелија: ловиштата„Мрзенци“, „Погана“ и „Стојаково“ се за ситен дивеч и споменатиот „Милисин“, „Висока чука“ , „Стара река“, „Црничани“, „Карабалија“и „Кованци“ за крупен дивеч.

Ловишта во Струмица се: „Тракања“, „Василево, „Босилово“,„Ново Село“ за ситен дивеч и „Водоча“, „Варварица“ , „Нивичино“ , „Огражден 1, „Огражден 2“, „Беласица 1“, и „Беласица 2“ за крупен дивеч.

Во Радовиш ловишта за ситен дивеч се : „Габревци“, „Ињево“, „Прналија“ и „Подареш“, а ловишта за крупен дивеч се „Плачковица“, „Смиланци“ , „Липовиќ“.

Регистарот ги опфаќа и приватно ловиште на Серта, и ,,Студенец“ во Конче и четирите ловишта на територијата на општина Богданци.

Регионот е карактеристичен по заштитените површини. Под заштита се следниве локалитети и објекти: Чам Чифлик парк на природата , Колешински и Смоларски водопади, Висока чука и Дојранско Езеро споменици на природата, а предложени се и река Ломија, Зрновска Река, Картали, реката Лом, Плачковица , Саланџак – врвовите на Градешка планина.

Активниот туризам може да се развива и со користење на спортските настани. Во реонот се застапени следниве: Стрит бол – Радовиш, Пеливанско борење –с.Тополница, Радовиш, Ѓурѓовденски коњски трки (Општина Василево), Планинарски марш „По патеките на Мис Стон”(Општина Василево), Планински маратон во велосипедизам на „Плачковица“, ,,Стреет Баскет“ с.Владевци(Општина Василево), ,,Велигденски турнир во мал фудбал“ с. Василево(Општина Василево), ,,Новогодишно-Божиќен турнир во мал фудбал“ с.Василево (Општина Василево) ,,Влечење на трупци со Коњи“С. Василево (Општина Василево), ,,Турнир во мал фудбал“с.Градошорци (Општина Василево), По

повод 8-ми Септември,,,Меѓународен турнир во стрелање глинени мети“(Општина Василево), Марш до Варварица, Првомајски трки с.Стојаково, Меѓународен Гран-При турнир во летачки мети(глинени гулаби) , Борба на бикови во село Дрвош, Турнир во мал фудбал Радичево, Турнир во мал фудбал Конче, Турнир во стрелање на глинени гулаби Радовиш, Турнир во спортски риболов Конче, Турнир во мал фудбал Ињево, Турнир во мал фудбал Ораовица, Турнир во мал фудбал.

## 6. Мапирање на зони и центри за активен туризам

Процесот на мапирање овозможува таксативно определување на зоните и локациите за развој на активен туризам. Врз основа на компаративните вредности што ги има секој локалитет, утврдени се и активностите. Во следните табели се дадени постојните локации, предлог на нови локации за развој на активен туризам и постојни центри со потенцијал за проширување.

### *6. 1. Постојни локации*

| **ВАПР** | Од Горно Врановци до Кале - месност „Бегови вирови“ (2112 мнв) | пешачење и планинарење, алпинизам |
|---|---|---|
| | Пешиново - Св. Николе;<br>Црвени брегови - Неготино и<br>Росоман -леталишта за стопанска авијација | скокање со падобран, едриличарство, летање и летање со ултра лесни летала |
| | Демир Капија | Качување по карпи-алпинизам,спелеолошки активности, тренинзи за алпинизам |
| | Водопади на Моминска река и Копришница<br>Водопадите на река Бабуна на Солунска Глава | качување по отсеците на водопадите |
| | Од Велес- Азот до Јакупица, Караџица, Даутица | возење мотокрос и четирицикли, |
| | Бабуна-Пешти | алпинизам, еко-туризам, спелеолошки туризам спелеолошки активности, |
| | Кавадарци – Тиквешко Езеро | скијање на вода, едрење, веслање риболов, нуркање, капење |

| | | |
|---|---|---|
| **ИСПР** | Пониква | Zip-line, Скијање и сноубординг,Скијање и сноубординг,санкање, игри<br>на снег, пешачење |
| | Спортски аеродром Сушево-Штип | Скокање со падобран, едриличарство, и летање со ултра лесни летала |
| | Од Пехчево и од Негрево до Кадиица(1932 мнв) | пешачење и планинарење |
| | од Радовиш, Штип и Виница до Плачковица-Лисец (1754 мнв) | пешачење и планинарење, Возење мотокрос и четирицикли |
| | Спиркови водопади на Брегалница | искачување по карпи и отсекот на водопадот, едукативни активности, пикници и излети |
| | Плоча на 23 км од Штип | качување по карпи-алпинизам |
| | Берово-Беровско езеро | планински велосипедизам, скијање на вода, нуркање и снtorкелинг, возење скутер на вода, веслање, риболов, капење, скокање во вода |

| | | |
|---|---|---|
| **ЈЗПР** | Охрид | банџи скокови |
| | Карпа Стоног, Трпејца Охрид , Канео, карпа Св. Никола | искачување по карпи-алпинизам |
| | Охрид брег на Охридско езеро- пешачка патека | пешачење |
| | Баба –Галичица | параглајдерството и змејарството(hang-gliding) |
| | Превој | тандемски летови со параглајдер |
| | Аеродром Св. Апостол Павле<br>Галичица | падобранско скокање, Base скокање |
| | Галичица: Беј Бунар- Велестово- Крстец-Дофа-Џафа-Велгошти ;Билјанини извори –Рача –Рамне –Летнички извори-Велгошти; Бејбунар- Крстец- Џафа-Шајбица- Два Јавора-Коритски Рид-Корита- Елшани-Шипокно-Рача-Охрид | планински велосипедизам<br>планинарење и алпинизам |
| | Планинарска патека од Пештани до Магаро (2254 мнв*)* | планинарење и алпинизам |
| | подножје на Магаро | скијање и сноубординг |
| | Самотска Дупка | спелеолошки активности |
| | Охридско Езеро | скијање на вода, едрење, возење скутер на вода, капење, скокање во вода |
| | Градиште (Подводниот музеј Миќов град) | Нуркање и снорkелинг |
| | Лопушник – Извор Кичево- Стог (1754) мнв.<br>Јабланица-Стрижак-Подгорци-Лабуништа<br>Крчин и Дешат Голем Крчин (2341 мнв) и Веливар (2373 мнв) од Ростуше и Битуше<br>Илинска Планина Лиска (1908 мнв) од Прострање ( Кичевско ) и Големо и Мало Илино од демирхисарска страна | пешачење и планинарење |
| | Јабланица Црн камен (2257 мнв) од Горна Белица, Вевчани,Подгорци и Лабуништа | параглајдерството и змејарството(hang-gliding |
| | Кичево, Другово, Вевчани, Ташмаруништа Македонски Брод, | пешачење, планинарење и алпинизам<br>спелеолошки активности |

| | | |
|---|---|---|
| | од Гари до Стогово Бабин срт (2242) мнв.<br>од Железна река и од Самоков до Добра вода (2062 мнв) | пешачење и планинарење, алпинизам |
| | Езеро Козјак Дебарско Езеро<br>Глобочичко Езеро | скијање на вода, едрење, нуркање и сноркелинг, возење скутер на вода, кајакарење, риболов |

| | | |
|---|---|---|
| **ЈИПР** | од Смоларе до Беласица, Тромеѓа (1881 мнв)<br><br>од Смрдлива Вода до Кожуф Зелен брег (2166 мнв) и Дудица (2132 мнв) | пешачење и планинарење, |
| | Кожуф- скијачки центар | возење со моторни санки, скијање и сноубординг |
| | Смоларскиот водопад; Колешинскиот водопад и Габровските водопади на Беласица | качување по карпи на отсеците -алпинизам, логорување и излети и едукативни активности |
| | Дојранско Езеро | скијање на вода, едрење, нуркање и сноркелинг, возење скутер на вода, кајакарење, риболов |

| | | |
|---|---|---|
| **ПЕПР** | Пелистер | скијање и сноубординг, Возење со моторни санки,Zip-line |
| | Од планинарскиот дом Неолица преку Големо езеро, од с. Нижополе преку Големо езеро и од пл. дом Копанки. до Пелистер (2601 мнв) | алпинизам и планинарење |
| | Крушево | Zip-line, параглајдерството и змејарството(hang-gliding) , Тандемски летови со параглајдер, летање со балон, Скијање и сноубординг, Paintball, Скијање и сноубординг, пешачење, планински велосипедизам, тренинг центар за искачување на карпи |
| | Спортски аеродром “Битола”, село Логоварди<br>Спортски аеродром “Мало Коњари”, во Прилеп | Скокање со падобран, едриличарство, летање со wingsuit, и летање со ултра лесни летала |
| | од Ореовец до Прилепски Козјак (1747 мнв)<br>од Скочивир до Ниџе Кајмакчалан (2521 мнв) | пешачење и планинарење |
| | Скочивирска Клисура | качување по карпи на отсеците -алпинизам, логорување и излети и едукативни активности |
| | Витолиште | планински велосипедизам<br>спелеолошки активности |
| | Демир Хисар | Пешачење, излети, велосипедизам |

| | | |
|---|---|---|
| **ПОПР** | Маврови Анови до Врв Голем Кораб (2754 мнв)<br>Попова Шапка и Јелак до Титов врв (2747 мнв)<br>Ново Село до Бриставец (2675 мнв) од Шипковица и Бродец до Црн врв (2585 мнв) и Кобилица (2528 мнв) ,од Шипковица, Бродец и Вешла до Вртоп (2555 мнв) и Караниколички езера од Брезно до Пескови (2651 мнв) и од Вешала и Бозовце до Маја (2492 мнв) | алпинизам, пешачење и планинарење |
| | Вратница до Љуботен (2468 мнв<br>Вратница, Старо село и Рогачево | возење мотокрос и четирицикли |
| | Попова Шапка | скијање, активности на снег, возење со моторни санки, сноубординг,BASE скокање, Zip-line, параглајдерството и змејарството(hang-gliding), тандемски летови со параглајдер |
| | Лешница | качување по карпи-алпинизам |
| | Попова Шапка - пл. дом Јелак - Лешница и назад.<br>Гостивар - Д. Јаловце - Боговинска река - Попова Шапка,<br>Попова Шапка - Боговинско езеро - Шутман - извор на река Радика -Аџина река - с. Стрезимир – Маврово | планински велосипедизам |
| | Маврово | скијање, активности на снег, возење со моторни санки, сноубординг, BASE скокање, Zip-line |
| | Маврово -кружна патека на с. Маврово,<br><br>Никифорово до врвот Сандактуш,<br><br>Маврово - с. Врбен - с. Богдево - с. Бродец - с. Стрезимир - с. Трница –Маврово;<br><br>Маврово - Тони вода - с. Галичник и назад.<br><br>Маврово - Тони вода - с. Галичник и назад;<br><br>Маврово - Тони вода - бачило Соломуница - бачило Маскаравец -чешма Коритник - Лазарополе - мост Еленски скок – Маврово;<br><br>патека околу Мавровско езеро Никифорово-Леуново и брана Врбен;<br><br>Искачување до Црвена Вода – Галичник - Шаркова дупка – Галичник | велосипедизам и пешачење |

| | | |
|---|---|---|
| | од Битуше до Голем Крчин, Од Јанче до Галичник, Од Скудриње до Кале, Од Скудриње до Голем Крчин, Од Скудриње до Аџиевци, Од Скудриње до Битуше | Пешачење и планинарење |
| | Од Галичник до Меденица, од Галичник до Говедарник, од Галичник преку Суво Поле до Селце<br>Од Галичник до Јанче | Пешачење и планинарење |
| | Шаркова дупка | Спелеолошки активности |
| | Галичник – Смрдливи Вирови<br>– Чаушица – Галичник,Меденица (2 163).<br><br>Галичник – Салтаница Чаушица – Смрдливи Вирови –Галичник –<br>Говедарник Тропешка рупа - Чаушица – Галичник, круг околу врвот Меденица<br>Галичник – Селце – Тресонче –Лазарополе<br>Лазарополе – Маскаравец – Кирилевец – Маврово | Јавање на коњи |
| | Маврово до Галичник | Возење со моторни санки |
| | Водопад Дуф, Корабски водопад, Ростуше | Искачување по отсекот на водопадот и карпите, едукативни активности и спелеолошки активности |
| | Мавровско езеро | скијање на вода, едрење, нуркање и снеркелинг, возење скутер на вода, веслање |
| | кањонот на реката Тресонче<br>Водопадите на реката Ѓеновица општина Маврово Ростуше | Качување по карпи-алпинизам |
| | Долна Баница Ѓеновица | спелеолошки активности |
| | Радика | кајакарење и рафтинг, Качување по карпи-алпинизам |

| | | |
|---|---|---|
| **СИПР** | Осоговски Планини<br>Царев врв (2085мнв) | Алпинизам |
| | од Осоговскиот манастир и од Кочани до Царев врв (2085) | пешачење и планинарење |
| | од Царев врв (2085) до *Руен (2252 мнв)* | пешачење и планинарење, Возење мотокрос и четирицикли |
| | Спортски аеродром "Аџитепе-Режановце, Куманово, Скокање со падобран, едриличарство, и летање со ултра лесни летала | Спортски аеродром "Аџитепе-Режановце, Куманово, скокање со падобран, едриличарство, и летање со ултра лесни летала |

| | | |
|---|---|---|
| **СКПР** | од Горно Количани до Јакупица-Солунска глава (2540 мнв) | пешачење и<br>планинарење |
| | Солунска глава | BASE скокање |
| | Скопје - Преслап - с. Алдинци - пл. дом Караџица - Бегово поле -Солунска глава (2540 мнв)<br><br>Скопје<br>Скопје Драчево | планински велосипедизам<br><br><br>летање со балон<br>paintball |
| | Водно-Милениумски крст | BASE скокање,параглајдерството и змејарството (hang-gliding Тандемски летови со параглајдер, скијање и сноубординг, zip-line |
| | Скопје- Водно | пешачење и планинарење, планински велосипедизам |
| | Скопје - Сарај - Крушопек)(Скопје - Сарај - Крушопек - Пантелејмон)Скопје - Сарај - Грец-Крушопек - Пантелејмон Скопје - Сарај - Крушопек - Пантелејмон - Милениумски крст) | Јавање |
| | Матка | Abseiling/rappelling (качување на карпи) веслање, нуркање и снtorкелинг, возење скутер на вода, риболов |
| | Треска | кајакарење на диви води |
| | Врело | спелеолошки туризам, влегување во пештера, подводна спелеологија |
| | Скопје-спортски аеродром Стенковец с. Бразда | Скокање со падобран, едриличарство, летање и летање со ултра лесни летала |
| | Скопска Црна Гора<br>Рамно (1653 мнв) | параглајдерството и змејарството(hang-gliding, тандемски летови со параглајдер |
| | од Побожје до Црн камен (1585 мнв), и Пржар (1626 мнв<br>од Патишка Река преку Остри Врв, и „Убава“до Караџица (2472 мнв)<br>од Горно Количани Китка Црн Камен (1568 мнв) | пешачење и планинарење |
| | Караџица | Качување по карпи-алпинизам |
| | Сопиште | спелеолошки туризам |
| | Јасен | еко-туризам; набљудување на птици, лов, спелеолошки активности |

## *6.2. Предлог на нови локации со потенцијал за развој на активен туризам*

| **Плански регион** | **Локации** | **Активности** |
|---|---|---|
| ВАПР | Пешти | транзитни туристички активности, искачување по карпи по страните на Бабуна, едукативни активности, банџи скокови во Вардар<br>BASE скокање, пешачење и планинарење -панорамско разгледување спелеолошки активности, еко-туризам, културни туристички активности (палеолит) ранохристијанска црква во пештерата, набљудување на птици, -фотографирање, Zorbing, Paintball, Zip-line |
| ИСПР | Пехчево | искачување по водопаден отсек,Логорување, излети, пешачење и планинарење, едукативни активности. |
| ЈЗПР | Јабланица | пешачење, планински велосипедизам, активности на снег, планинарење, алпинизам, параглајдинг, скијачки активности, логорување, едукативни активности, капење во ладни води, еко-туризам |
| ЈИПР | Беласица | качување по карпи на отсеците -алпинизам, логорување и излети и едукативни активности |
| ПЕПР | Витолиште | планински велосипедизам<br>спелеолошки активност |
| ПОПР | Беловиште | искачување на карпи, егзотични доживувања, прошетки околу водопадот, престој во шумски простори, едукативни активности, излети и логорувања, алпинизам до Пирибег |
| СИПР | Калин Камен | пешачење, искачување на карпи, алпинизам, планински велосипедизам, скијачки активности и активности на снег, параглајдинг, прошетки и разгледувања |
| СКПР | Таор | искачување по карпи, орнитолошки активности, културни и едукативни активности |

### *6.3. Листа на постојни центри кои имаат потенцијал за проширување и доопремување*

| Плански регион | Центри | Активности |
|---|---|---|
| ВАПР | Демир Капија | Искачување на карпи и тренинг активности за алпинизам, риболовни активности, искачување по Копришничките водопади, спелеолошки активности, еко тури, орнитолошки набљудувања, искачување на високи стебла |
| ИСПР | Берово | планински велосипедизам, скијање на вода, нуркање и сноркелинг, возење скутер на вода, веслање, риболов, капење, скокање во вода |
| ЈЗПР | Козјак | скијање на вода, едрење, нуркање и сноркелинг, возење скутер на вода, кајакарење, риболов |
| ЈИПР | Кожуф | возење со моторни санки, скијање и сноубординг, фотографирање животни,хербални активности (лековити растенија), еко тури, движење по линијата на Солунскиот фронт, излети и викенд тури, едукативни активности |
| ПЕПР | Крушево | Zip-line, параглајдерството и змејарството(hang-gliding) , Тандемски летови со параглајдер, летање со балон, Скијање и сноубординг, Paintball, Скијање и сноубординг, пешачење, планински велосипедизам, тренинг центар за искачување на карпи, лов |
| ПОПР | Ростуше | Планински велосипедизам, прошетки по брегот на Ростушка река, посета на Дуф, искачување по отсекот на водопадот како и на страните на клисурата на реката, планинарење и алпинизам на Дешат |
| СИПР | Кокино | едукативни и научно-истражувачки активности, искачување на Татиќев Камен (1.012 м), посета на изворите на Драгоманска Река, прошетки, културни туристички активности, |
| СКПР | Катланово | бањски активности во Катлановска бања, посета на фумароли со едукативни активности, посета на епигении на Пчиња, риболовни активности, орнитолошки разгледувања, мочуришни тури по Катлановското Блато, културни тури |

### *6.4. Предвидување на места и локации за обележување на центрите и поставување на патокази и инфо табли*

Местата и локациите за обележување се определени со локацискиот пристап што се примени во систематизацијата на зоните, локалитетите и објектите, во зависност од активностите кои можат да бидат дел од содржината на развој на овој вид туризам. Ваквото поставување е во функција на поголема видливост и информираност на корисниците на услугите на овој вид туризам и локалното население. Локациите ги определивме на следниот начин. Обележувањето ќе се врши со соодветни симболи и стандарди прифатени од страна на светските федерации за поедини содржини во рамките на активниот туризам. Локалитетите и зоните имаат дисперзивен карактер на сигнализација и можат да бидат надвор од овие просторни целини (по главните магистрални и регионални патишта). Самата локација се обележува на влезот од просторната целина, а активноста прецизно на местото каде што се изведува. Пешачите патеки, патеките за планинарење и велосипедските патеки, како и патеките за јавање се обележуваат на почетокот на патеката и низ самата патека до крајната точка на утврдената дестинација со дефинирана просторна оддалеченост кој обезбедува видливост на патеката. Категоријата на тежината на патеките треба да се обележи со соодветни табли и бои.

Другите активности се обележуваат во зависност од категоријата и застапеноста во локалитетот во кој се пристигнува (можност за скијање на вода, едрење, кајакарење и сл.). Опасностите кои можат да се јават исто така се определуваат пред локацијата ана која се изведуваат.

Инфо таблите се базираат на утврдените развојни можности по локалитетите и активностите и овозможуваат запознавање со сите вредности кои стојат на располагање во зоната и локалитетот.

Можностите за привлекување на домашни и странски инвестиции имаат карактер на јавна информација и се врзуваат за недоволно искористените можности кои се дадени во структурирањето на нови локации и локации кои треба да се доопремат. Достапноста во овој поглед е како на владините органи, така и на локаните самоуправи во планските региони.

## 7. Определување на мисијата и визијата за развој на активниот туризам

### МИСИЈА

**Мисијата на развојот на активниот туризам во РСМ** тој да биде респектибилна развојна форма. Тоа подразбира оптимално користење на ресурсите во функција на обезбедување услови за долгорочен развој на чинителите кои овозможуваат рекреативност како препознатлива туристичка вредност. Активниот туризам како форма на селективен пристап во развојот подразбира креирање на туристички производи во кои се соединуваат задоволувањата на потребите на телото и духот сплотени во физичката култура на туристите и локалното население.

***Активниот туризам има мисија да ги афирмира вредностите на РСМ и да ја подобри репутацијата која како држава ја има на овој план во Светот.***

Развојните основи на активниот туризам треба да се бараат во:

- вмреженост и меѓусебен партнерски однос на засегнатите страни во третманот на активниот туризам;
- активниот туризам треба да е фактор на унапредување на рекреативната и туристичката инфраструктура,;
- да овозможи да ги соединува регионалните и локалните вредности во создавање на автентичност и креативност на специфичната туристичка понуда, зачувување и унапредување на заштитените простори и целини и ставање во функција на рекреативните активности;
- унапредување и диверзификација на угостителската понуда во областа на специјализирани услуги сврзани со активниот туризам и
- подигнување на квалитетот на услугите во понудата преку примена на
- најновите норми и стандарди во активниот туризам како фактор на задоволување на потребите на специфичната туристичка клиентела.

### ВИЗИЈА

Визијата за активниот туризам во РСМ се содржи во следниве погледи:

- во иднина активниот туризам претставува фактор на развој на туризмот во целина и вкупниот општествено економски и просторен развој;активниот туризам ја шири мрежата на учесници и обемот и квалитетот на ресурси вклучени во туристичката понуда на РСМ;
- во настапот на туристичкиот пазар понудата на активниот туризам е прифатлива , а посебните производи се конкурентни;

- активниот туризам претставува фактор на одржливо користење на просторот и стабилноста на екосистемите ;
- управувачките процеси овозможуваат тој да биде акцелератор на економскиот и општествениот напредок и преку него да се подобри квалитетот на живот во локалните средини, а тоа подразбира оптимално користење на ресурсите кои стојат на располагање и се обезбедува хуман однос кон просторните вредности.

## 8. SWOT Анализа на активниот туризам во РС Македонија

SWOT анализата овозможува идентификација на факторите и функционалните компоненти во развојот на активниот туризам. Врз основа на овие резултати се определува општата цел на развојот на активниот туризам и потребата за преземање мерки и активности за нејзина реализација. Тоа упатува на конкретни чекори во насока на подобрување на состојбите.

| *Предности* | *Недостатоци* | *Можности* | *Закани* |
|---|---|---|---|
| Постоење на стратешки документи од областа на туризмот, угостителството | Застареност и неусогласеност на стратегиските документи од локално до државно ниво | Следење на светските искуства во однос на нормирањето и креирањето на стратегиски документи за активен туризам | Спроведување на зацртаните политики |
| Регистри по плански региони | Слабо ажурирање на регистрите | посета на странски веб сајтови со регистри и внесување нови содржини и организирање предавања на странски експерти за значењето на регистрите | Бавен процес на вмрежување на засегнатите страни |
| Субвенционирање на странска туристичка посетеност | Парцијален опфат на странската клиентела во субвенционирањето | користење искуства од земји со развиен активен туризам | Неусогласеност на секторите за субвенционирање |
| Субвенционирање на манифестации од областа на спортот и рекреацијата | Недоволен интерес за субвенции на манифестации од активен туризам | покренување кампањи и промоции со користење светски искуства за значењето на субвенциите, постоење на стратешкиот тренд за субвенционирање на манифестации на активен туризам во светски рамки | Урбанизацијата на атрактивните простори |
| извонредна композитност на релјефот | слабо користење на релјефната конфигурација | | Постоење предрасуди кај локалното население за издавање вишок станбен простор |
| Извонредна релјефна, климатска, биогеографска хидрографска | слаба искористеност на атрактивностите и недоволна изграденост, уреденост и | | решавање на имотно-правните односи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| атрактивност за развој на активниот туризам<br><br>сместувачки капацитети<br><br>опременост на центри за активен туризам<br><br>дисперзирана спортска инфраструктура<br><br>манифестации со спортски и рекреативен карактер<br><br>инвестициска политика<br><br>јавно-приватно партнерство<br>туристичка и спортска едукација<br><br>посреднички фактори<br><br>спасителна, безбедносна и водичка служба<br><br>постоење интерес за активен туризам<br><br>буџет за поддршка на туризмот<br><br>промотивни активности | опременост на локациите, појави на девастација и деградација<br><br>вишокот станбен простор недоволно се користи и слаба е застапеноста на објекти и легла со концентрирано сместување (хостели, кампови, одморалишта<br><br>Недоволна изграденост, уреденост и опременост на локациите<br><br>слаба поврзаност со патна инфраструктура и слаба поврзаност на објектите за активен туризам со сместувачките објекти<br><br>слаба промоција на настаните<br><br>слаб интерес за кредити и инвестициски активности<br><br>слаба информираност за јавно-приватното партнерство<br>во активниот туризам<br><br>ниско ниво на туристички аранжмани со активен туризам<br><br>парцијална застапеност<br><br>слаба застапеност на тренинзи за активен туризам | креирање центри по примерот на добри практики на меѓународен план<br><br>користење на искуства од конкурентни земји и центри<br><br>постоење на европски стандарди за користење на домашно и концентрирано сместување, користење на меѓународни стандарди и категоризација на угостителството<br><br>користење искуства за уредување и опремување на центри за активен туризам<br><br>донесување на планска документација и изградба на комуникации по примерот на конкурентни средини<br><br>Настап на меѓународни саеми и манифестации<br><br>Меѓународни кредитни линии за унапредување на комуникативната инфраструктура<br>Користење на грантови за унапредување на локалните патишта<br><br>користење на меѓународни искуства за користење на јавно-приватно партнерство<br>воспоставување соработка со интернационални туроператори кои практикуваат активен туризам<br><br>обуки за спасители, и | Расчленетост во настапот на саемите<br><br>лимитираност на инвестициски фондови<br><br>Постоење стереотипи околу сопственоста<br><br>Слаба обученост за креирање туристички аранжмани<br><br>Слаб интерес за обуки<br><br>Слаб интерес кај партнерите од странство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ниско ниво на информираност за буџетска поддршка<br><br>слаба вклученост на активниот туризам | водичи во планина со меѓународно учество<br><br>обуки за стекнување сертификација за активен туризам<br><br>обуки од страна на домашни и меѓународни донатори за користење поволности<br><br>користење на меѓународни тренери и обучувачи<br><br>користење светски искуства во промоцијата | |

## 9. Создавање мрежа на угостителски објекти

Мрежата на угостителски објекти се базира на досегашните регистрирани капацитети, видови и форми и врз база на нивната пристапност и можност за вклучување во туристичките производи. Врз основа на истражувачките активности може да го понудиме моделот на вмрежување кој е определен како посебна вкрстувачка алатка. Следната табела ги дава компонентите кои служат за вмрежување, а кои ќе ги искористат, факторите на туристичката понуда и побарувачка.

Генералиите ги внесува угостителскиот објект.

| Вид на угостителски објект (име и категорија) | Услуги кои ги нуди објектот | Зона | Локација | Плански регион | активности во зоната |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

Овие податоци треба да се достапни за државните институции, центрите за развој на планските региони, стопанските асоцијации и комори, туристичките агенции, туристички водичи, невладиниот сектор. Подетални податоци за инклузивно вмрежување ќе се користат од презентираните наративни и табеларни прегледи во рамките на Потстратегијата, како и од регистрите по планските региони.

## 10. Акциски план за реализација на Потстратегијата за развој на активниот туризам

Утврдувањето на Акциониот план произлегува од мисијата и визијата за развој туризам е определена врз основа на состојбите по планските региони и издиференцирани локалитети, мисијата и визијата, како и извршената SWOT анализи по сите релевантни компоненти кои го чинат активниот туризам во РСМ. Основна стратешка цел е активниот туризам да стане препознатлива развојна определба .

***Основна стратешка цел: Активниот туризам како препознатлива развојна определба***

| ***Мерка 1. Подигнување на нивото на планирање*** | ***Мерка 2 Обезбедување одржлив развој*** | ***Мерка 3 Унапредување на човечките ресурси*** | ***Мерка 4 Креирање туристички производи*** | ***Мерка5 Унапредување на промоцијата*** |
|---|---|---|---|---|
| **АКТИВНОСТИ** | | | | |
| 1. Усогласување на стратегиите за развој на активниот туризам на различни нивоа и други видови туризам и туризмот во целина | 1. уредување и опремување на просторот за секоја содржина посебно | 1. Обуки за унапредување на стандардите активниот туризам | 1.Донесување програми за креирање туристички производи | 1.донесување програми за промотивни активности |
| 2.Донесување на просторни и урбанистички | 2. Преземање мерки за отклонување на | 2. Примена на стимулативни мерки за | 2. Организирање настани и донесување | 2. Истражување на туристичкиот пазар и определување на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| планови | рецентните загадувачи во центрите и локациите локации | вработување во објекти на активниот туризам | календар | пазарни сегменти |
| 3. донесување на правни акти за користење на содржините во активниот туризам | 3. опремување на локацијата средства за одржување на хигиена | 3. Обуки на населението за можните активности од рурален карактер и користење на добри практики во активниот туризам | 3. вмрежување на непосредните даватели н услуги со туристичките агенции и другите засегнати страни и туристи | 3. Брендирање на туристичките производи и услуги |
| 4. Донесување програми и распоред на користење на содржините во активниот туризам | 4. аплицирање за средства за одржлив развој пред домашните и странските донатори | 4. воспоставена ДМО локалитетите и зоните за активен туризам | 4. систематизација на податоци за туристички производи од овој вид | 4. користење на меѓународни искуства во пласманот на туристичките производи |
| 5. обележување на локациите за активен туризам | 5. организирање трибини за значењето на активниот туризам и еколошките услови | 5. Изведување обуки и тренинзи на засегнатите страни со домашни и меѓународни експерти за туристичка валоризација на просторот | 5. одржување на семинари за креирање туристички производи | 5.воспоставување на мрежа и дистрибутивни канали за пласман на туристичките производи |
| 6.Проектирање и архитектонско обликување на локалитетите | 6 Користење на моделот на јавно-приватно партнерство во активниот туризам | 6. организирање работилници за спроведување активности од активен туризам | 6. организирање на натпревари | 6.Избор на промотивни активности |
| | 7. креирање туристички производи со еко предзнак | 7. организирање на едукативни активности и организирани школи во природа | 7. изработка на веб портали | 7. донесување на годишни програми за промотивни активности |
| | 8. Воспоставување на систем на еколошка | 8. обуки за спасители, придружници и | 8. изработка на сувенири | 8. промоција на центрите, зоните и регионите за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | стандардизација во и надвор од објектите за сместување | водичи | | рурален туризам, посебните туристички производи, и поединечните содржински елементи |
| | | | 9. воспоставување на соработка меѓу туристичките агенции и специјализирани туроператори | |
| | | | 10. мониторинг на задоволството од реализацијата на активностите од аранжманите | |

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА И ИЗВОРИ


Adventure trails.mk

ANTAR-ECOTONO.*El Turismo de Naturaleza en España y su Plan de Impulso*. (*Nature Tourism in Spain and* Booking. Available online: www.booking.com (accessed on 15 January 2019).

Buckley, R. *Adventure Tourism Management*; Routledge: Abingdon-on-Thames, Oxon, UK; 2011.

http://tourismmacedonia.gov.mk/wp-content/uploads/2019/09/Strateski-Plan-za-2020-godina-APPT.pdf

https://publications.unwto.org/sites/all/files/pdf/9789284420858.pdf

https://www.adventuretravel.biz/research/2019-industry-snapshot

*its Momentum Plan)* Ministerio de Industria, Turismo y Comercio: Madrid, Spain, 2004.

Marinoski N., Risteski M. (2019) Tourism Potentials of the Southwest Planning Region, *The Second International Scientific Conference "Challenges of Tourism and Business Logistics in the XXI Century - ISCTBL 2019"*, Goce Delcev University – Stip, held in Stip, Republic of N. Macedonia. Published in Conference Proceedings

Risteski M., Kocevski J. (2018) Applying the Fas-Methodology for Identifying and Analysing Natural Factors in the South-West Planning Region for Rural Tourism Development, *XIV International Scientific Conference on Service Sector - INSCOSES 2018*, held in Ohrid, Republic of N.Macedonia. Published in HORIZONS – International Scientific Journal, ISSN 1857-9884, Vol. 23, pp. 577-589, December 2018

Risteski M., Kocevski J., Arnaudov K. (2011) Spatial planning and sustainable tourism as a basis for developing competitive tourist destinations - *XI International conference - Service sector in terms of changing environment*, held in Ohrid, Republic of N.Macedonia. Published in International Scientific Journal PROCEDIA – Social and Behavioral Sciences, ISSN: 1877-0428 Vol. 44, pp. 375-386, 2012

Sekulovska M., Marinoski N., Nestoroska I., Risteski M. (2018) Macedonia in *Hospitality and Tourism in Transition in Central and Eastern Europe: A Comparative Analysis* – Vodenska M. (Ed.) ISBN (10): 1-5275-1120-0 ISBN (13): 978-1-5275-1120-0, 1st Edition, pp. 261-295, Cambridge Scholars Publishing, UK, August 2018

Strategy for Regional Development of the Republic of Macedonia 2009-2019, Ministry of Local Self government of the Republic of Macedonia, 2009

Мариноски, Н. (2012) Селективни видови туризам

Мариноски, Н. (2014) Туристичка географија на Македонија, ФТУ-Охрид

Мариноски, Н. (2015) Основи на туристичката теорија и практика

НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДЕЛ I / II (2009 - 2030), Министерство за животна средина и просторно планирање Република Македонија 2010 година

Програма за развој на Југоисточниот плански регион 2015-2019 година, Струмица, Декември,2014

Програма за развој на Скопски плански регион 2015 – 2019, Центар за развој на Скопскиот плански регион, Скопје

Службен весник на РМ” бр.53/16,член2)

Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2009-2019, Службен весник на РМ, бр.119 од 30.09.2009 година

Стратешки план за 2020 година, Агенција за промоција и поддршка на туризмот на РС Македонија

Стратешкиот план за развој на туризмот во СИПР (2011-2016), Проект: СОЗДАВАЊЕ НА ПРЕДУСЛОВИ ЗА ОСНОВА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО СЕВЕРОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН – ФАЗА 1, Ноември 2010

СТУДИЈА ЗА ОПТИМАЛНО КОРИСТЕЊЕ НА ПРИРОДНОТО БОГАТСТВО НА СИПР ВО ТУРИСТИЧКИ ЦЕЛИ, Проект: СОЗДАВАЊЕ ПРЕДУСЛОВИ ЗА ОСНОВА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ (СПОРТ) ВО СЕВЕРОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН – ФАЗА 1 - Ноември 2010

## АНЕКС

### ***Мапирање на зоните за развој на рурален туризам по региони***

*Гис обележување на зоните за развој на рурален туризам во ВАПР*



*Гис обележување на зоните за развој на рурален туризам во ИСПР*



*Гис обележување на зоните за развој на рурален туризам во ЈЗПР*



*Гис обележување на зоните за развој на рурален туризам во ЈИПР*



*Гис обележување на зоните за развој на рурален туризам во ПЕПР*



*Гис обележување на зоните за развој на рурален туризам во ПОПР*



*Гис обележување на зоните за развој на рурален туризам во СИПР*



*Гис обележување на зоните за развој на рурален туризам во СКПР*



**Фотографии за активен туризам**



Демир  Капија, извор: factor.mk



Велосипедско дефиле – Берово, извор: mia.mk



Езеро Козјак, извор: https://www.tourguide.mk/



Кожуф – Скијачки патеки, извор: http://www.pskscg.mk/



Крушево. Извор: sdk.mk



Водопад Дуф-Ростуше. Извор: https://npmavrovo.mk/



Мегалитска опсерваторија Кокино. Извор: http://www.kultura.mk/


Катлановска Бања. Извор: https://www.igeografija.mk/